***THE EFFECTIVENESS OF THE ADVERSARIAL SYSTEM OF CRIMINAL PROCEDURE IN TERM OF DELAYED JUSTICE AND USE OF PLEA BARGAINING IN NORTH MACEDONIA***


***Проф. д-р Гордана Лажетиќ***

***Проф. д-р Бобан Мисоски***

***Проф. д-р Дивна Илиќ - Димоски***


# ***ЕФИКАСНОСТА НА СУДЕЊЕТО ВО РАЗУМЕН РОК КАКО ПРАВНО СРЕДСТВО И КОРИСТЕЊЕТО НА СПОГОДУАЊЕТО ЗА КРИВИЧНА САНКЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

## ***- СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК -***

***Скопје, јуни 2021***


***This project is funded by the U.S. Embassy in Skopje. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the author(s)and do not necessarily reflect those of the U.S. Department of State or the United States Government.***

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | | |
|---|---|---|
| **ВСРСМ** | **-** | **Врховен суд на Република Северна Македонија** |
| **ВПЛ** | **-** | **Вонреден правен лек** |
| **ГИ** | **-** | **Годишен извештај** |
| **ЕКЧП** | **-** | **Европска конвенција за човековите права и основните слободи** |
| **ЕСЧП** | **-** | **Европски суд за човековите права** |
| **ЕУ** | **-** | **Европска Унија** |
| **ЗКП** | **-** | **Законот за кривичната постапка** |
| **ЗС** | **-** | **Закон за судовите** |
| **МП** | **-** | **Министерство за правда** |
| **РСМ** | **-** | **Република Северна Македонија** |
| **СБС** | **-** | **Судско буџетски совет** |
| **СЕ** | **-** | **Совет на Европа** |
| **ССРСМ** | **-** | **Судски совет на РСМ** |

# СОДРЖИНА

ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ ..... 5
Потребни измени и дополувања во Законот за судови ..... 5
Потребни измени и дополувања во Закон за кривичната постапка ..... 6
I. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ..... 7
Предмет на анализата ..... 7
Цели на анализата ..... 7
Временски период на којшто се однесува анализата ..... 8
Применети методи за изготвување на анализата ..... 8
Временска рамка за спроведување на анализата ..... 8
1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ..... 9
2. ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА ..... 9
2.1. Анализа на правната рамка од Законот за судовите ..... 10
2.2. Заклучоците од одделот за „должина на постапката“ на Врховниот суд од 18 октомври 2010 година ..... 13
2.3. Препорака CM/Rec(2010)3 на Комитетот на Министри за ефективни лекови за прекумерна должина на постапките ..... 14
2.4. Правно мислење – Оддел за судење во разумен рок (извор: судски портал) ..... 14
3. ПРАКСАТА НА ЕСЧП ВО ОДНОС НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК ВО РСМ ..... 15
3.1. Оцена на ЕСЧП дека барањето е ефективен правен лек ..... 18
Шурбаноска и други против РМ (2010 год.) ..... 19
Аџи-Спиркоска и други против РМ (2011 год.) ..... 23
Синадиновска против РСМ (2020 год.) ..... 25
3.2. Статистика на пресуди против РСМ по основ на чл. 6 ..... 27

4. ПОСТАПУВАЊЕ НА ВСРСМ ........................................28

4.1. Статистички податоци од табела и ГИ на ВСРСМ ........................................28

4.2. Податоци од ГИ на ВСРСМ ........................................29

4.2.1. Видови одлуки во % , збирно за сите области ........................................31

4.2.2. Видови одлуки во % само за кривичната област ........................................32

4.2.3. Времетраење на решавање на кривичните предмети ........................................32

во прв степен во % по години........................................32

4.2.4. Решавање на кривичните предмети во прв степен според временски интервали за период 2015-2019 година (во %)........................................33

4.3. Досуден правичен надоместок од ВСРСМ ........................................33

5. КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД УВИД ВО ПРЕДМЕТИТЕ НА ВСРСМ ........................................35

5.1. Одбиени како неосновани........................................36

5.2. Усвоени барања........................................40

5.3. Отфлени барања........................................43

6. СОГЛЕДАНИ ПРОБЛЕМИ........................................44

АНЕКС 1........................................49

АНЕКС 2:........................................50

2015 година ........................................51

2016 година ........................................57

2017 година ........................................71

2018 година ........................................96

2019 година ........................................119

2020 година ........................................129

2021 година ........................................139

## ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ

### Потребни измени и дополувања во Законот за судови

- Да се направат измени и дополнувања на ЗС со цел да се обезбеди механизам преку кој ВСРСМ ќе проверува и врши надзор над надлежниот суд односно дали судот на којшто се однесува решението на ВСРСМ за повреда на правото на судење во разумен рок постапил според напатствијата на ВСРСМ. Ова е особено значајно за оние постапки кои се уште се во тек во времето на донесувањето на решението на ВСРСМ, бидејќи дел од "поправањето" на повредата на правото на судење во разумен рок е и тоа преостанатата постапка за заврши без дополнителни одолговлекувања и во рокот даден од ВСРСМ. Во спротивно, одлуките се голо слово на хартија, коишто само го чинат државниот буџет, а странките немаат процесна полза.

- Да се предвиди во ЗС рок во кој мора да се достават списите со ставот на судијата. Ова се покажува како потребно, со оглед на проблемот со ненавременото доставувањето на списите и произнесувањето на надлежниот суд. Иако, сега ВСРСМ се обидува да го "премости" овој проблем со тоа што при праќањето на писмата и ургенициите со кои ги бара предметите, им праќа и укажување дека доколку не го достават навремено предметот, ќе биде известен РСС.

- Да се направи измена на ЗС со кои ќе се предивиди дека законската рамка од 6 месеци која ВСРСМ ја има да одлучи по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок да почне да тече од приемот на списите и мислењето од судот кој постапува по предметот, наместо од приемот на барањето од подносителот. Ова особено ако се знае со какви проблеми се соочува ВСРСМ во обезбедувањето на списите и произнесувањето на надлежниот суд.

- Да се размисли за прецизирање на одредбата од чл. 36 во смисла на користење на терминот "странки". Што во граѓанска постапка е јасно. Но, во кривична постапка и

овластениот тужител е странка, што значи и јавниот обвинител. Вака од една страна излегува дека и јавниот обвинител има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок (па ако го поднесе, по одредбата во ЗС, ВСРСМ треба да го прифати ако дозволено и да одлучува мериторно!!!), а од друга страна пак, очигледно е дека самиот термин "странка" создава нејаснотии и забуни, па оттука и проблемот со различното третирање на оштетениот.

## Потребни измени и дополувања во Закон за кривичната постапка

- Да се размисли дали решенија на ВСРСМ со кои се усвојува барањето на подносителот за заштита на правото на судење во разумен рок, треба да бидат основ за повторување на постапката, особено ако се има во предвид дека одлуката на ЕСЧП е основ, а ова е ефективно правно средство, значи има ист статус особено бидејќи ЕСЧП оценува дека со искористување на ова средство се губи основот да се исполни статусот „жртва" пред ЕСЧП.

- Во ЗКП кај одредбите за Барање за заштита на законитоста да се дополни дека по истиот основ во еден ист предмет, јавниот обвинител не може повеќе пати да поднесува БЗЗ.

# I. МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## Предмет на анализата

Тековните измени на ЗКП беа мотивација за спроведување на анализа којашто ќе опфати определени аспекти што произлегуваат од Законот за судовите а се однесуваат на судењето во разумен рок како посебно правно средство, со цел да се идентификува неговата искористеност во однос на кривичните предмети, основите поради коишто се поднесуваат барањата, наодите на ВСРСМ, како и потребата за зајакнување на неговите ефекти во однос на обврската на судовите на коишто се однесува одлуката на ВСРСМ. Одлуките што ги носи ЕСЧП се посебен основ за повторување на постапката пред домашните судови, а правното средство за судење во разумен рок, иако оценето како ефективно правно средство од страна на ЕСЧП (што значи дека оној што го искористил не може да се смета за апликант со дозволена апликација во ЕСЧП), нема повратно дејство во смисла на повторување на кривичната постапка.

## Цели на анализата

**Основната цел** на анализата е ефектите на определени законски решенија што треба да придонесат за забрзување и ефективност на постапувањето.

Анализата содржи **три специфични цели**:

- Ефектите од примената на правното средство за судење во разумен рок во надлежност на ВСРСМ и неговата рефлексија врз одредбите на ЗКП
- Идентификување на одредби од ЗКП со чијашто измена може да се придонесе за забрзување и ефектуирање на кривичната постапка
- Идентификување на одредби во ЗС со цел унапредување на правното регулирање и примената на правното средство за судење во разумен рок

## Временски период на којшто се однесува анализата

Со оглед на фактот што анализата се однесува на нормативната поставеност како и анализа на примената и импликациите во практиката, временскиот период го опфати периодот од 2015 до 2021 година и периодот од јануари до април 2021 година.

## Применети методи за изготвување на анализата

Со цел посеопфатно изготвување на анализата беа користени следниве методи:

- *нормативен метод* - анализирање на законска регулатива;
- *анализа на содржина* –одлуки на ЕСЧП во однос на судењето во разумен рок; анализа на 65 одлуки на ВСРСМ во однос на судење во разумен рок достапни на Судскиот портал на РСМ и тоа по 10 одлуки за периодот 2015-2021 и 5 одлуки за 2021 година
- *статистичкиот метод* – вкрстување на достапните статистички показатели;
- *аналитички метод* – анализа на ставовите, мислењата и предлозите на судиите;
- *индуктивно и дедуктивно заклучување* – дефинирање на заклучоци и формулирање предлози *de lege ferenda*.

## Временска рамка за спроведување на анализата

Анализата се изготви во временски период од 01 април до 26 јуни 2021 годна. Во рамките на планираниот период беа преземени следниве активности:

Април 2021
- Дефинирање на методологија за работа
- Изготвување прашалници за интервју
- Изработка на план за состаноци/фокус групи/структурирани интервјуа
- Доставување дописи до релевантни институции
  - Врховен суд на РСМ
  - Министерство за правда на РСМ
- Прибавување на годишни извештаи од ВСРСМ

Мај 2021
- Одуки за разумен рок на ВСРСМ
- Релевантни одлуки на ЕСЧП
- Анализа на прибавените одлуки
- Онлајн состанок со Раководител на Оддел за разумен рок во ВСРСМ

Јуни 2021
- Изготвување на анализата

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Правото на судење во разумен рок како еден од елементите на поимот на правична постапка е принцип кој е содржан во повеќе меѓународни документи како: Европската конвенција за човековите права, Меѓунардониот пакт за граѓанските и политичките права, во Американската конвенција за правата на човекот и итн. Впрочем, и ЕСЧП во забележително голем дел од своите случаи се занимава токму со ова право.

Правото на судење во разумен рок всушност има за цел да ги заштити странките во постапката од прекумерни и предолги одолжувања, што е посебно важно од аспект на кривичната постапка со оглед дека обвинетиот во текот на оваа постапка често пати е предмет на различни ограничувања на неговите права, на пример преку определување на мери за обрзбедување присуство како притворот и сл., а воедно и да не се наоѓа предолго во состојба на неизвесност од исходот на постапката. Битно е да се нагласи дека, правото на судење ви разумен рок покрај тоа што најчесто се однесува на заштита од непотребни одолжувања на постапката, од друга страна треба да го заштити обвинетиот и од ситуациите кога "брзото" судење оди на штета на другите негови права, како на пример на правото да има доволно време да ја подготви својата одрбана, кое е исто една од гаранциите на членот 6 на Конвенцијата.[1] Оттука, поимот разумен рок не подразбира барање за неразумна брзина која би имала негативни последици врз правата на обвинетиот и секако врз целта на кривичната постапка која подразбира утврдување на околностите под кои е сторено кривичното дело, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување индивидуализирана кривична санкција.[2]

## 2. ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА

Република Северна Македонија, со ратификацијата на ЕКЧП презема обврска да обезбеди постапките да бидат во согласност со принципите и стандардите на членот 6 од

[1] Види повеќе кај: Trechsel, S.: Human Rights in Criminal Proceedings, Oxford University Press, 2005.
[2] Види: Бужаровска, Г., Калајџиев Г., Мисоски, Б., Илиќ, Д.: Казнено процесно право (учебно помагало), Скопје, 2015 г.

Конвенцијата, што ја подразбира и обврската да се обезбеди правото на судење во разумен рок.

Комититетот на Министри во 2004 година ја донесе Препораката (2004)6 за унапредување на домашните правни лекови[3], која беше основ за воведување на правното средство во ЗС за судење во разумен рок пред ВСРСМ со цел да се нагласи супсидијарниот карактер на контролниот механизам во Стразбур, со препорака до државите договорни страни на ЕКЧП да предвидат ефикасни правни лекови во нивните домашни правни системи.

### 2.1. Анализа на правната рамка од Законот за судовите

Во нашите процесни закони предвидена е обврската на судот постапката да ја спроведе без одолжување. Така, членот 6 од Законот за кривичната постапка зборува за п**равото на судење во разумен рок**, предвидувајќи дека лицето против кое се води постапката има право во разумен рок да биде изведено пред суд и да му биде судено без неоправдано одолжување. Обврска на судот е постапката да ја спроведе без одолжување и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата кои им припаѓаат на лицата кои учествуваат во постапката. Истовремено, ЗКП предвидува дека со парична казна од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се казни физичко лице, а со казна во висина од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се казни правно лице кое ќе ги злоупотреби правата што му припаѓаат во постапката. Траењето на притворот и другите ограничувања на личната слобода мора да бидат сведени на најкратко нужно време.

Но, тоа право може да биде ефективно само доколку постои развиен и ефикасен систем за заштита во случаите на негова повреда. Во оваа смисла, за прв пат во ЗС од 2006[4] година се воведе правото на странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, да поднесе барање за заштита. Ова право беше опфатено само во еден член од ЗС од 2006 год. – член 36, кој предвидуваше дека странката која смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до

[3] Види: Recommendation Rec (2004) 6 of the Committee of Ministers to member states on the improvement of domestic remedies, 12 May 2004, https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016805dd18e
[4] Закон за судовите, Службен весник на РМ, бр. 58/2006.

непосредно повисокиот суд, кој постапува по барањето во рок од шест месеци од неговото поднесување и одлучува дали пониският суд го повредил правото за судење во разумен рок. Во случај ако повисокиот суд утврди повреда на правото за судење во разумен рок со решението ќе досуди праведен надоместок за подносителот на барањето, кој паѓа на товар на Судскиот буџет.

Но, ваквата законска одредба беше недоречена, недоволно јасна и премногу општа. Нејасно беше кој ќе биде "непосредно повисокиот суд" во одредени ситуации, а ниту пак беше предвиден рок за поднесување на барањето, како и критериуми по кои ќе одлучува судот дали е повредено правото, рок во кој ќе мора да исплати евентуалниот паричен надоместок, ниту пак беше предвидено правото на жалба. Сето ова, ја правеше ваквата предвиденост на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, да биде нефункционална и да не овозможува ефективна реализација на ова право односно да не може да се смета како ефективен правен лек.

Како последица на очигледните недостатоци на одредбата од 2006 година, две години подоцна направени се измени и дополнувања на ЗС, со кои во членот 36 на Врховниот суд му се дава исклучива надлежност да одлучува по правниот лек за должина на постапката со тоа што "непосредно повисокиот суд" е заменет со "Врховниот суд на Република Македонија", а додадени се и два нова става, од кои во едниот е предвиден рокот за поднесување на барањето најдоцна шест месеца сметано од денот на правосилноста на одлуката, а во другиот став пак, наведени се следниве елементи кои што мора да ги содржи барањето: податоци за подносителот на барањето и правниот застапник, податоци за предметот и постапката за која странката смета дека ја сторила повредата на правото за судење во разумен рок, образложение на причините за наводно сторената повреда на правото за судење во разумен рок, изјава за побарување на правичен надомест и потпис на подносителот на барањето.

Понатаму, со овие измени од 2008 година, во стариот став 2, кој што станува став 4, се дополнети и критериумите по кои треба да се води Врховниот суд кога одлучува за основаноста на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, а тоа се: правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи, а особено сложеноста на предметот, однесувањето на странките во постапката и однесувањето на судот кој постапувал. Воедно, особено значајно е дополнетувањето дека во случаите кога Врховниот суд ќе утврди повреда на правото за судење во разумен рок, покрај досудувањето на правичен надоместок, со решението ќе определи рок во којшто

судот, пред кого постапката е во тек, мора да одлучи за правото, обврската или кривичната одговорност на подносителот на барањето. Истовремено, во измените предвиден е и рок од три месеци од денот на правосилноста на решението на Врховниот суд, во кој мора да се исплати правичниот надоместок односно дека тој се исплатува во рок.[5]

Со измените и дополнувањата на ЗС од 2008 година, воведен и е нов член 36-а во кој е пропишан рок од 15 дена во кој Врховниот суд ќе побара од првостепениот суд да достави препис на списите од предметното досие, а по потреба и изјаснување од повисокиот суд за времетраење на постапката пред него. Согласно истата одредба, Врховниот суд по барањето одлучува во совет од тројца судии на нејавна седница, но по исклучок тој може да одлучи да ги сослуша подносителот на барањето и претставникот на судот чија постапка е предмет на поднесеното барање. За забележување е и тоа што прв пат со овие измени, во членот 36-а став 3, предвидено е и правото на жалба против решението на советот на Врховниот суд, која се поднесува во рок од осум дена сметано од денот на приемот на решението до Врховниот суд, кој одлучува по истата.[6]

По овие измени од 2008 година со кои што се постигна ефективност на овој правен лек, во 2010 година направен е уште еден чекор во таа насока со додавањето на членот 36-б со кој се операционализира процедурата за исплата на досудениот паричен надомест од страна на Врховниот суд. Па така, Врховниот суд во рок од осум дена од донесувањето на правосилното решение, го доставува до Судскиот буџетски совет, кој пак во рок од 15 дена по приемот на решението ќе побара од жалителот или неговиот полномошник да достави податоци за банкарската сметка за исплата на досудените средства. Жалителот е должен овие податоци да ги достави во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, со тоа што недоставувањето на податоците за сметката од страна на жалителот, не претставува пречка за извршување на решението. Во оваа смисла, ако жалителот не ги достави податоците за банкарската сметка во предвидениот рок, средствата утврдени со решението ги префрла на депозитна сметка на Судскиот буџетски совет, кој ќе ги префрли одобрените средства на сметка на жалителот по добивање на податоци за сметката. Средствата на депозитната сметка ќе останат на располагање на жалителот најмногу една

[5] Закон за измени и дополнувања на Законот за судовите, Службен весник на РМ, бр. 35/2008.
[6] Закон за измени и дополнувања на Законот за судовите, Службен весник на РМ, бр. 35/2008. Види и: **https://www.ihr.org.mk/mk/platforma/pravo-na-sudenje-vo-razumen-rok**.

година по нивното депонирање. По истекот на овој рок, ако жалителот не достави податоци за сметка, тие се враќаат во Буџетот на РСМ.[7]

Воедно, да не заборавиме дека повредата на правото на судење во разумен рок од страна на судот, односно ако судијата без оправдани причини не ги закажува рочиштата во предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја одолговлекува постапката, согласно член 76 од ЗС, тогаш тоа се смета за **нестручно и несовесно вршење на судиската функција** кое подразбира незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае на квалитетот и ажурноста во работењето и е основ за разрешување на судијата.[8]

### 2.2. Заклучоците од одделот за „должина на постапката“ на Врховниот суд од 18 октомври 2010 година

Како докомплетирање на легислативните решенија во однос на постапувањето по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, а најмногу како резултат на одлуката што Европскиот суд за човекови права ја донесе во случајот на Шурбаноска и други против Република Македонија (бр.36665/03, 31 август 2010 година), одделот за „должина на постапката“ на Врховниот суд на 18 октомври 2010 година ги донесе следните препораки, кои му даваат дополнителен патоказ при постапувањето:

а) Да се експедираат постапките пред Врховниот суд во случаите за должина на постапката и да се завршат во рок до шест месеци, како што е предвидено со ЗС од 2006 година;

б) Да се додели правичен надоместок во износ согласно со утврдената повреда, со цел жалителот да го изгуби статусот на жртва;

б) Да се организира Врховниот суд на таков начин што целосно ќе ја применува судската пракса на ЕСЧП,

г) Да се усогласи во целост со судската пракса на ЕСЧП во однос на доделените износи како правичен надоместок во долгите случаи; во таа смисла, Врховниот суд утврди дека износот не треба да биде понизок од 66% од сумата доделена од ЕСЧП во слични случаи; и

[7] Закон за измени и дополнувања на Законот за судовите, Службен весник на РМ, бр. 150/2010.
[8] Види чл. 76 од Законот за судовите, Сл. Весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 96/19.

д) Да се исполнат во целост упатствата на Врховниот суд во случаите каде се утврдила повреда на барањето за „разумен рок“, односно со плаќањето на правичниот надоместок и запазувањето на роковите што ги определува за судовите да одлучат за основаноста на случаите.

### 2.3. Препорака CM/Rec(2010)3 на Комитетот на Министри за ефективни лекови за прекумерна должина на постапките

Работата на Комитетот на експерти за ефективни лекови за прекумерна должина на постапки (DH-RE), која одржа два состанока есента 2009 година, доведе до усвојување од страна на Управувачкиот комитет за човекови права (ЦДДХ), на неговиот 69-ти состанок (24 -27 ноември 2009 година), на нацрт-препорака за ефикасни правни лекови за прекумерна должина на постапката, придружена со водич за добра практика. Комитетот на министри продолжи со нивно усвојување во февруари 2010 година.

Препораката CM / Rec (2010) 3[9] и нејзиниот Водич за добра практика имаат за цел да го подобрат спроведувањето на правата за судење во разумен рок и ефикасно средство, што ја одразува централната улога на судскиот систем меѓу националните власти и се фундаментално за системот на Европската конвенција за човекови права и за поимот демократска држава во која се почитуваат човековите права и владеењето на правото.

Препораката и нејзиниот Водич се засноваат на елементи на различни органи на Советот на Европа (особено Судот, Комитетот на министри, Европската комисија за демократија преку закон и Европската комисија за ефикасност на правдата), како и на неисцрпен избор на примери за добри практики на одредени земји-членки.

### 2.4. Правно мислење – Оддел за судење во разумен рок (извор: судски портал)

Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 22.12.2017 година, утврдил два заклучока.

[9] Recommendation CM/Rec(2010)3 of the Committee of Ministers to member states on effective remedies for excessive length of proceedings, https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805cf8e9

Првиот, според кој, за ист предмет, во иста правна работа, за ист правно релевантен период, во случај кога правосилно е одлучено во постапка по барање за заштита на повреда на правото на судење во разумен рок, не е дозволено поднесување на ново барање.

И вториот заклучок дека при утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок и определување на рок во кој судот треба да реши по конкретен предмет во фаза на постапката на која се однесува утврдената повреда, Врховниот суд на Република Македонија со закон не е обврзан да врши надзор над извршувањето на својата одлука, а оценка за почитување на рокот може да се даде при постапување по ново барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

## 3. ПРАКСАТА НА ЕСЧП ВО ОДНОС НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК ВО РСМ

Согласно општи принципи во практиката на ЕСЧП во однос на прашањето дали жалителот може да тврди дека е жртва на повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во смисла на должината на постапката, Судот нагласува дека **“одлука или мерка во полза на жалителот не е во основа доволна да го лиши од неговиот статус на жртва, освен ако тоа националните власти не го признале, било директно или преку утврдување на суштината, а потоа доделиле и надомест, за повреда на Конвенцијата.“**[10]

Прашањето дали едно лице може се уште да тврди дека е жртва на наводна повреда на Конвенцијата во суштина побарува од Судот испитување на неговата ситуација ex post facto. Како што веќе е утврдено во други случаи поврзани со должина на постапката, прашањето дали лицето има добиено надомест за настанатата штета – споредбено со правичниот надомест утврден во членот 41 од Конвенцијата – е важно прашање. Веќе востановена практика на Судот е дека онаму каде националните власти утврдиле повреда и каде нивната одлука претставува **соодветен и доволен надомест**,

[10] Види: Сали против Република Македонија, бр. 14349/03, став 33, 5 јули 207, и Нанков против Република Македонија, бр. 26541/02, став 32, 29 ноември 2007.

засегнатата страна не може веќе да тврди дека е жртва во смисла на член 34 од Конвенцијата.[11]

Воедно, во однос на тоа што се чини дека Владата во случаите против РСМ го поврзува прашањето на статусот на жртва со поопштото прашање на ефективноста на лекот, ЕСЧП потсетува дека веќе се осврнал на тоа прашање во поширок контекст преку давање на одредени индикации во однос на карактеристиките кои таквото домашно средство треба да ги има, имајќи го во предвид фактот дека, во овој вид на случаи, можноста на жалителите да тврдат дека се жртви ќе зависи од надоместот кој домашното средство ќе им го даде.[12]

Како што Судот истакнува во повеќе наврати, членот 6 став 1 им наметнува должност на Договорните страни да ги организираат своите судски системи на таков начин да нивните судови можат да ги задоволат барањата на тој член, вклучително и обврската да ги разгледуваат случаите во разумен рок. Онаму каде судскиот систем има недостатоци во оваа смисла, најефективното решение е средство дизајнирано да ги забрза постапките со цел да превенира истите да станат прекумерно долги. Но, за државите каде повредите поврзани со должината на постапките веќе постојат, средство кое е дизајнирано само да ги забрза постапките, може да не биде соодветно да ја подобри ситуацијата во која е очигледно дека постапките веќе биле прекумерно долги.

Оттука, како што ќе видиме и подолу низ пресудите, ЕСЧП при оцената на тоа дали е повредено правото на судење во разумен рок дури после направените подобрувања во 2008 година и подобрената пракса на Врховниот суд, ЕСЧП почнува да го смета правниот лек за должина на постапката како ефективен. Што се однесува на случаите пред Судот каде жалителите го искористиле правниот лек за должина на постапката, Судот ќе мора да прави индивидуална оценка на околностите за секој случај со цел да утврди дали жалителите се уште може да тврдат дека се "жртви" во смисла на член 34 од Конвенцијата.

Друго прашање кое се поставува е, каква е праксата на Судот во однос на **периодот кој се зема како релевантен при оцена на траењето на рокот**. Кога ЕСЧП одлучува по апликација за повреда на правото на судење во разумен рок, секогаш започнува со детерминирање на почетокот на релевантниот период (dies a quo) и крајот

[11] Види Apicella v Italy, no. 64890/01, став 70, 29 март 2006.
[12] Види Apicella v Italy, no. 64890/01, став 71, и Scordino v Italy no. 36813/97, став 182, ECHR 2006-V.

на релевантниот период (dies ad quem).[13] Па така, како почеток на периодот се смета почетокот на постапката во смисла на моментот кога лицето може да се смета за “обвинето” согласно чл. 6 став 1 од ЕКЧП. Оттука, тука се наметнува проблемот на **дефинирање на поимот „обвинение“** односно со сфаќањето на овој поим во материјална смисла, па авторите кои се занимаат со толкувањето на Европската конвенција се склони кон размислувањето дека тој момент треба да биде во што е можно порана фаза од постапката затоа што тоа е во согласност со духот на одредбата од член 6. Членот 6 од ЕКЧП го користи терминот „обвинение“ (*charged)* за да го определи статусот на лицето кое ги ужива гаранциите од тој член. Дали „обвинение“ (*charge)* има значење на технички поим во смисла на она што во националните законодавства на континенталниот систем претставува обвинение? Општата точка на поаѓање дефинирана во *Delcourt* случајот „дека рестриктивната интерпретација на членот 6 став 1 нема да кореспондира со целта на таа одредба“,[14] важи и тука. Имено, можно е државите да го одложат пристапот до адвокат или увидот во списите, па дури и бесплатната помош од преведувач, со тоа што ќе ја организираат својата кривична постапка на таков начин што ќе обезбедат формалното „обвинение“ да се случи во многу доцен момент во постапката т.е. на затворањето на истрагата. Ова би можело да доведе до значајно редуцирање на ефикасноста на гаранциите од чл. 6.[15]

Оттука, важно е за овој поим да се примени „автономно толкување“ на Конвенцијата, кое го применува Судот при толкувањето на правните термини од Конвенцијата, а особено по однос на членот 6. Па така, тој вели: „...истакнатото и значајно место кое во демократското општество го има правото на правично судење дава предност на „суштински“ наместо на „формален“ концепт на поимот *charge* на кој се однесува членот 6[16]; и го задолжува судот да гледа зад надворешноста, во суштината на постапката која е во прашање.“[17] Судот во повеќе прилики повторува дека автономното сфаќање е она кое тој го имал на ум во своите претходни пресуди, кога се споменува „обвинение, онака

[13] Види: Frédéric Edel, The length of civil and criminal proceedings in the case-law of the European Court of Human Rights, Human rights files, No. 16, Council of Europe Publishing, 2007, стр. 17-32. Достапно на: https://www.echr.coe.int/LibraryDocs/DG2/HRFILES/DG2-EN-HRFILES-16(2007).pdf
[14] Види: P.V. Dijk/ F.V. Hoof/ A. V. Rijn/ L. Zwaak(Eds.), Theory and Practice of the European Convention on Human Rights, Antwerpen/Oxford, стр. 540-543. Спореди: Delcourt v. Belgium, 17.1.1970, application no. 2689/65, para. 5.
[15] Види: S.Trechsel, op. cit., стр. 32.
[16] Види: Deweer v. Belgium, 27.02.1980, Application no. 6903/75, para. 44.
[17] Види: Adolf v. Austria, 26.3.1982, Series A, No. 49, para. 30.

како што е овој збор сфатен во смисла на Конвенцијата“.[18] Од овде може да заклучиме дека, за целите на чл. 6 став 1, иако го дефинира *charge* како „официјално известување дадено на поединецот од страна на надлежен орган за наводи дека сторил кривично дело“[19], сепак Судот вели дека во некои инстанци тоа може да се јави и во форма на други мерки и дејствија кои „имплицираат такви наводи и кои, исто така, суштински влијаат врз позицијата на осомничениот“.[20] Во *Corigliano v. Italy* ЕСЧП наведува дека моментот кога едно лице е *„charged“* може да биде денот на апсењето; денот кога лицето било официјално известено дека ќе биде гонето, или пак денот кога се отворени претходните истраги *(preliminary investigations)*.[21]

Што се однесува до крајот на периодот кој треба да се земе како релевантен за траењето, тој трае се до донесувањето на конечна одлука по обвинението со која обвинетиот ќе се ослободи или осуди, со тоа што во случај на осудеителна пресуда, периодот тече се додека не биде и казната дефинитивно утврдена, или пак на друг начин ќе заврши постапката, како на пример со запирање. Според Судот, во периодот кој се зема во предвид влегуваат и постапката по жалба и касационата, каде што е предвидена.

По утврдувањето на траењето на релевантниот период, Судот за да оцени дали истиот може да се смета за разумен, ги зема во предвид и проценува следниве критерируми: сложеноста на случајот и во смисла на правни и во смисла на фактички прашања, потоа однесувањето на одбраната и однесувањето на судот, врз кој практично и најголемата одговорност за запазување и заштита на правото на судење во размен рок.

### 3.1. Оцена на ЕСЧП дека барањето е ефективен правен лек

Од аспект на постоење на ефективна можност односно ефективен правен лек за остварување на заштитата во случаите на повреда на правото на судење во разумен рок во РСМ, посебно е битна оцената на Европскиот суд за човекови права, дали поставеноста на законските решенија и начинот на нивната примена во практиката се на ниво на барањата и стандардите на Судот. Па така, ЕСЧП за првпат го покрена прашањето за

[18] Види: S.Trechsel, op. cit., стр. 32. Neumeister v. Austria, 27.06.1968, Series A no. 8, para. 18; Wemhoff v. Germany, 27.06.1968, Series A no. 7, para.19; Ringeisen v. Austria 16.07.1971, Series A no. 13, para. 110; Engel and others v. Netherlands, 8.06.1976, para. 81; Deweer v. Belgium, 27.02.1980, application no. 6903/75, para. 46.
[19] Види: Deweer v. Belgium, 27.02.1980, application no. 6903/75, para. 46.
[20] Види: Corigliano v. Italy, 10.12.1982, Series A, No. 57, para. 34; Eckle v.FRG, 15.07.1982, Series A, No. 51; Foti v. Italy, 10.12.1982, Series A, No. 56.
[21] Види: Corigliano v. Italy, 10.12.1982, Series A, No. 57; see the Wemhoff v. Germany, 27.06.1968, Series A no. 7, para.19, Neumeister v. Austria, 27.06.1968, Series A no. 8, para. 18; Ringeisen v. Austria 16.07.1971, Series A no. 13, para. 110.

ефективноста на правниот лек за должина на постапката воведен со ЗС од 2006 година во случајот **Паризов против РМ**, во кој Судот ги критикуваше релевантните одредби од ЗС од 2006 година, во смисла дека тие содржеа термини подложни за различни толкувања, а не беше јасно ниту кој суд е надлежен да одлучува по правниот лек за должина на постапката, што само по себе го прави и неефективен правниот лек[22]. Подоцна, по донесените измени и дополнувања во 2008 и 2010 година и подобрувањето на законските решенија, ЕСЧП, разгледувајќи жалби против РСМ поднесени заради повреда на правото на судење во разумен рок, го оценува барањето пред Врховниот суд како ефективен правен лек, земајќи ги предвид покрај добрите законски одредби, и праксата на ВСРСМ во смисла од исполнетоста на други критериуми, како на пример дали висината на досудениот надомест е задоволителна, траењето на постапката до одлуката на ВСРСМ и сл.

ЕСЧП забележува дека целта на ЗС од 2008 година е двојна. Прво, упатствата во решенијата на Врховниот суд до надлежниот суд со кој се утврдува рок за одлучување е креирана за да се обезбеди забрзување на постапките кои се во тек. Во оваа смисла, Судот повторува дека таму каде судскиот систем има недостатоци во тој поглед, еден правен лек дизајниран за забрзување на постапките со цел да го спречи нивното прераснување во премногу долги е најефективното решение[23]. Иако ЗС од 2008 година не утврди рок, периодот утврден од страна на судската пракса на Врховниот суд за релевантните судови да одлучат, односно од еден до шест месеци, може да се смета за разумен. Второ, ЗС предвидува правен лек за надомест со кој на странка може да и биде досуден правичен надоместок за било која штета претрпена како резултат на невообичаена должина на оспорена постапка. Овој правен лек е соодветен начин за надоместување на повреда што веќе била сторена.[24]

Во продолжение ќе бидат накусо разгледани неколку одлуки на ЕСЧП против РСМ, кои се чинат релевантни за да се искристализираат стандардите кои тој ги бара за да биде ефективно барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

### *Шурбаноска и други против РМ (2010 год.)*

Случајот Шурбаноска и други против РМ (Жалба бр. 36665/03) е од особено значење бидејќи како резултат токму на овој случај Врховниот суд донесе заклучоци со

[22] Види: Паризов против Република Македонија, бр.14258/03, 7 февруари 2008 година.
[23] Види: *Cocchiarella v. Italy*, Број на жалба 64886-01, 29 март 2006).
[24] Види: *Mifsud v. France*, бр. 57220/00.

цел приближување на својата пракса со онаа на Судот во случаите за должина на постапката. Во овој случај, жалителите се жалеле дека должината на постапката за надомест на штета не била во согласност со барањето за разумен рок утврдено во членот 6 став 1 од Конвенцијата.

Тие повеле постапки пред Врховниот суд за заштита на правото на судење во разумен рок на 12 Септември 2007 година, а согласно член 36 од ЗС од 2006 година до Апелациониот суд во Битола за заштита на правото на судење во разумен рок. По стапувањето на сила на ЗС од 2008 година, барањето на жалителите било испратено на разгледување до Врховниот суд.

На 20 Октомври 2008 година Врховниот суд утврдил дека постапките за надоместок траеле многу долго, нешто повеќе од 17 години, од кои повеќе од 11 години по ратификацијата на Конвенцијата од страна на РМ, и дека истите сеуште не биле завршени. Тој утврдил рок од 3 месеци во кој Апелациониот суд Битола требало да одлучи по жалбите на странките. Тој исто така им досудил износ од 245.200 денари (4000 евра), на име правична отштета поради најдената повреда. Овој износ требало да се исплати 3 месеци по правосилиноста на одлуката.

На 1 Октомври 2009 година побарал од жалителите да ги достават бараните информации во рок од 5 дена од приемот. Понатаму, тие биле информирани за посебните буџетски правила во врска со досудениот надомест. Износот требал да се префрли веднаш по добивањето на бараните сметки. Жалителите ги добиле овие барања на 3 Октомври 2009 година. Износот во моментот на донесувањето на одлуката на ЕСЧП, сеуште не бил исплатен.

Владата се произнела дека средството за должина на постапката, воведено со Законот од 2006, и изменето со Законот од 2008, треба да се смета за ефективно за целите на Конвенцијата и останала при тоа дека жалбата на жалителите по овој основ треба да биде одбиена, со оглед на тоа што, тие успешно го искористиле правното средство и добиле одлука со која Врховниот суд им доделил надомест и определил рок за одлучување, кој бил испочитуван од страна на Апелациониот суд Битола.

Жалителите пак, не се согласиле дека средството за должина на постапката е ефективно во смисла на членот 35 од Конвенцијата, особено затоа што сумите доделувани од страна на Врховниот суд биле, според нив, очигледно неразумни во споредба со правичната отштета која би ја доделил Судот во слични случаи. Тие понатаму изјавиле и дека се уште не го добиле надоместот досуден со одлуката на Врховниот суд.

Оцена на Судот. Според принципите на ЕСЧП споменати погоре, следи дека од ЕСЧП се бара да верификува дека постои признание, барем во суштина, од страна на властите, за повреда на правото заштитено со Конвенцијата и дали надоместот може да се смета за соодветен и доволен.[25]

Судот смета дека првиот услов, признанието за повреда од страна на националните власти, е исполнет во случајот со оглед на тоа што Врховниот суд, во својата одлука експлицитно нашол повреда на барањето за разумен рок.

Што се однесува до вториот услов - соодветен и доволен надомест, Судот забележува дека онаму каде барањето за разумен рок е повредено, една од карактеристиките на доволен надомест, кој може да го отстрани статусот на жртва од странката, се поврзува со износот доделен на домашно ниво, а во врска со фактите заради кои таа или тој се жали пред Судот.[26]

Во поглед на износот на надомест доделен на домашно ниво, Судот забележал дека до моментот на поднесување на жалбата до ЕСЧП надоместите доделувани од страна на Врховниот суд во случаите за должина на постапката се движат помеѓу 80 и 4000 евра. Вкупната сума на надомести доделени во 46 случаи е 40.610 евра што е 15-20 % од вкупната сума која Судот би ја доделил во споредбени случаи. Се чини дека само во многу ограничен број на случаи нивото на правичната отштета од страна на Врховниот суд било прифатливо, додека во најголемиот број на случаи надоместите биле под или дури далеку под стандардите на Судот. Сепак, Судот нагласува дека тој не е повикан да цени in abstracto дали пристапот на Врховниот суд во доделувањето на отштети според Законот од 2008 е од таков вид да ги спречува успешните странки кои ќе добијат неразумно ниски суми на компензација од поднесување на жалби за должина на постапка, со тврдење дека одлуката на Врховниот суд, иако во нивна полза, не го отстранува од нив статусот на жртва според членот 34 од Конвенцијата и можноста да поднесат жалба пред ЕСЧП.

ЕСЧП ценејќи во конкретниов случај заклучува дека е задоволен од досудениот износ на апликантите кој не е очигледно неразумен, имајќи ги предвид износите што Судот ги досудувал во слични случаи против одговорната држава. Покрај досудениот надомест Врховниот суд утврдил рок од 3 месеци за Апелациониот суд да одлучи по тужбеното барање на жалителите, кој бил испочитуван од страна на судот.

[25] Види: Normann v. Denmark (одлука) бр. 44704/98, 14 јуни 2001, Jensen v Denmark (одлука), бр. 48470/99, 20 март 2003, и Nardone v Italy, бр. 34368/98, 25 ноември 2004.

[26] Другите критериуми побаруваат релевантните одлуки, кои мора да бидат конзистентни со правната традиција и стандардите на живот во засегнатата држава, да бидат брзи, разумни и извршни многу брзо (види Apicella, ставови 85-96).

Што се однесува до другите критериуми утврдени во неговата судската практика, ЕСЧП констатира дека постапката за заштита на правото на судење во разумен рок започнала во 2007 година кога жалителите се обратиле со барање за заштита на ова право до Апелациониот суд во Битола. Произлегува дека никакви процесни активности не биле превземени во период од 6 месеци, односно до влегувањето на сила на законот од 2008 година, кога станало јасно дека Врховниот суд е единствено надлежен да одлучува по однос на барањата за заштита на правото на судење во разумен рок. По преземањето на определени процесни дејствија, во 2008 година Врховниот суд го усвоил барањето за заштита на правото на судење во разумен рок на жалителите. Оттука, на Врховниот суд му биле потребни околу 7 месеци да одлучи по барањето во прв степен. Имајќи предвид дека не била поднесена жалба, оваа одлука станала правосилна на 2 март 2009 година. Според Европскиот суд за човекови права, времето кое му било потребно на Врховниот суд да одлучи е малку долго. Сепак Судот смета, а имајќи ги во предвид околностите на случајот, имено фактот дека ова еден од првите предмети по однос на кој одлучува Врховниот суд и дека потоа следеле подобрувања во оваа смисла, времето кое било потребно за одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок на жалителите не може да се смета за неразумно долго за конкретните цели.

Во однос на тоа што жалителите се уште го немаат примено правичниот надомест досуден од страна на Врховниот суд, ЕСЧП забалежал дека ова одолговлекување се појавило во раните фази од примената на Законот од 2008 година кога одоговлекувањето на исплата на досудените износи е често и дека тој е свесен дека воведувањето на правното средство за заштита на правото на судење во разумен рок барало многу заложби од страна на националните институции. Од овие причини, Судот заклучил дека не е неразумно да им биде потребно определено време за востановување на новиот систем и развој на пракса која е конзистентна со домашната правна традиција и судската пракса на Европскиот суд, и оттука тој смета дека фактот што жалителите се уште не го добиле досудениот надомест на штета не значи дека тие се уште го имаат статусот на жртви.

Конечно, ЕСЧП констатира дека е задоволен од одлуката на Врховниот суд и дека таа обезбедила за жалителите доволен и соодветен надомест кој е во можност да го одстрани од жалителите статусот на жртви во смисла на членот 34 од Конвенцијата. Во вакви околности, Судот смета дека жалителите не можат да тврдат повеќе дека се жртви на повреда на правото на судење во разумен рок загарантирано со членот 6 став 1 од Конвенцијата во однос на компензаторни постапки. Соодветно ова барање е очигледно неосновано и мора да биде одбиено во согласност со членот 35 став 3 и 4 од Конвенцијата.

***Аџи-Спиркоска и други против РМ (2011 год.)***

Во случајот на Аџи-Спиркоска и други против РМ (Жалби бр. 38914/05 и 17879/05) Европскиот суд се бави со прашањето дали според членот 35 став 1 од Конвенцијата на жалителите треба да им се бара да го искористат домашниот правен лек пред Судот да ја разгледа нивната жалба.

И во овој случај, ЕСЧП, најпрвин повторно се занимава со прашањето дали правниот лек може да се смета за ефективен, па заклучува дека врз основа на праксата утврдена од Врховниот суд, дека правниот лек за должина предвиден со ЗС од 2008 година треба да се смета, генерално, како ефективен во смисла на членот 35 став 1 од Конвенцијата. Како аргументација за ваквата оцена на Судот, тој ги наведува следниве околности:

- Формулацијата во ЗС од 2008 година е јасна и наведува дека новиот правен лек е конкретно утврден за решавање на прашањето за должина на постапките пред домашните органи. Судот го оценува како позитивно тоа што согласно ЗС од 2008 Врховниот суд има исклучива надлежност да одлучува по правниот лек за должина на постапката и тоа што беше формиран посебен оддел во рамките на судот да одлучува по случаите за должина на постапката. Понатаму, судот ги применува правилата и принципите на Европското законодавство и критериумите утврдени во судската пракса на Судот, а посебно комплексноста на случајот, однесувањето на жалителот и однесувањето на надлежните органи.

- Врховниот суд, до тој момент утврдил правичен надоместок во 202 случаи. Од тоа произлегува дека праксата за пресудување на правичен надоместок станала поредовна од септември 2010 година. Во овој котекст, ЕСЧП забележува повисок износ на надоместок досуден во случаи по оваа дата споредено со досудените износи претходно и смета дека овој позитивен тренд е резултат на случајот Шурбановска и други во кој Судот го критикуваше ниското ниво на надоместок што Врховниот суд го досудуваше во тоа време.

- Судот констатира и дека статистичките информации доставени од Врховниот суд упатуваат дека во најголемиот број случаи надоместокот бил исплатен во законскиот рок од три месеци утврден во ЗС. Очигледно, значаен напредок е скоро направен, со оглед на фактот дека доцнењата во исплаќањето биле претежно за време на раните фази на имплементација на законот.

- Последно, ЕСЧП забележува дека во мнозинство случаи, постапката пред Врховниот суд по правниот лек за должина на постапката, на двете нивоа на надлежност, не го надминала законскиот рок од шест месеци.

Од оцената на ЕСЧП дека правниот лек за должина предвиден со ЗС од 2008 година треба да се смета, генерално, како ефективен во смисла на членот 35 став 1 од Конвенцијата, произлегува дека на жалителите треба да им се бара искористување на правниот лек пред поднесување на барања за должина на постапката до Судот.

Но, Судот истовремено нагласува и дека со оглед на нотираните недостатоци, особено висината на досудениот правичен надоместок, ставот на Судот може да биде предмет на разгледување во иднина, а товарот на докажување на ефективноста на правниот лек во пракса останува на Владата. Судот понатаму нагласува дека ова барање не се однесува на случаи кои се веќе во тек пред Судот каде оспорените постапки веќе завршиле и жалителите не можат веќе да го искористат овој правен лек. Причината за ова е дека дури, после направените подобрувања во 2008 и подобрената пракса на Врховниот суд, ЕСЧП може да го смета правниот лек за должина на постапката како ефективен. Што се однесува на случаите кои се во тек пред Судот каде жалителите го искористиле правниот лек за должина на постапката, Судот ќе мора да прави индивидуална оценка на околностите за секој случај со цел да утврди дали жалителите се уште може да тврдат дека се “жртви“ во смисла на член 34 од Конвенцијата.

Понатаму, Судот преминува кон разгледување на прашањето дали на жалителите треба да им се бара да го искористат домашниот правен лек пред Судот да ја разгледа нивната жалба. Дали домашните правни лекови биле исцрпени вообичаено се утврдува врз основа на датата кога жалбата била поднесена до Судот. Ова правило, меѓутоа, е предмет на исклучоци кои може да се оправдаат од специфичните околности во секој случај.[27] Судот утврдил дека во однос на голем број на жалби против Италија и Хрватска кои покренуваат слични прашања имало посебни околности кои го оправдуваат отстапувањето од генералното правило.[28] Бидејќи овој случај има многу сличности со италијанските и хрватските случаи, Судот смета, заради причините наведени во случајот *Nogolica* кои исто така се применливи во конкретниов случај, дека првиот, вториот, третиот и четвртиот жалител треба прво да поднесат жалба за должина на постапката

[27] Види: *Baumann v. France*, бр. 33592/96, 22 мај 2001.
[28] Види: *Brusco v. Italy*, бр. 69789/01, и *Nogolica v. Croatia*, бр. 77784/01.

пред Врховниот суд согласно ЗС. Ова е бидејќи постапката за денационализација е се уште во тек пред домашните органи, и така правниот лек за должина на постапката останува отворен за тие жалители кои може да бараат не само надомест, туку може да бараат Врховниот суд да утврди и рок за одлучување по основите на случајот.

Во светло на овие околности, и нагласувајќи го субсидијарниот карактер на механизмот на Конвенцијата, Судот смета дека оваа жалба мора да биде отфрлена согласно членот 35 став 1 и 4 од Конвенцијата за неисцрпување на домашните правни лекови.

Петтиот жалитетел пак, додека постапката за надомест била сеуште во тек, го искористил правниот лек за должина на постапката пред Врховниот суд. Врховниот суд утврдил дека должината на оспорените постапки – повеќе од девет години, во три степени на надлежност – биле предолги и дека тие се уште не завршиле. На жалителот му досудил надоместок во износ од околу 2,000 ЕУР. Овој износ е во разумна врска со она што Судот најверојатно би го досудил согласно член 41 од Конвенцијата во однос на истиот период. Од таа причина досудениот надоместок се смета дека е соодветен во однос на околностите на случајот. Петтиот жалител веќе го примил досудениот износ. Како дополнување на досудениот правичен надоместок, судот утврди шест-месечен рок за релевантниот суд да одлучи по барањето во материјалната постапка. Во такви околности, Судот е задоволен дека одлуката на Врховниот суд од 15 февруари 2010 година го обезбедила петтиот жалител со доволен и соодветен надоместок кој бил во можност да го отстрани неговиот статус на жртва во смисла на членот 34 од Конвенцијата. Во овие околности, Судот смета дека петтиот жалител не може веќе да истакнува дека е жртва на повреда на барањето за разумен рок.

***Синадиновска против РСМ (2020 год.)***

Во насока на тоа што ЕСЧП го споменува уште во случајот на Шурбаноска против РМ, дека тој не ја цени ефективноста на барањето in abstracto, туку дека тоа зависи во конкретниот случај и тоа не само од тоа дали е искористено правното средство и дали Врховниот суд нашол повреда на правото на судење во разумен рок, туку и од висината на досудениот надомест, ќе го разгледаме и случајот на **Синадиновска против РСМ Синадиновска против РСМ** (Апликација број 27881/06). Во овој случај, во однос на допуштеноста односно статусот на жртва, Судот констатирал дека апликантката не го изгубила нејзиниот статус на жртва. Ова од причина што, за траењето на извршната постапка од шест години и шест месеци, бил досуден надомест на домашно ниво во

вкупен износ од 60.000 денари (отприлика 970 евра) и дека тој износ **не соодветствува** со она што Судот би го досудил за истиот период врз основа на член 41 од Конвенцијата. Дотолку повеќе, домашните судови не се придржувале до временскиот рок одреден од Врховниот суд. Според тоа, надоместот кој е досуден **не може да се смета за соодветен во околностите на случајот**.

Од аспект пак на допуштеноста на апликацијата од гледна точка на неискористување на домашните правни лекови односно во однос на наводите на Владата дека тоа што апликантката не вложила жалба до второстепениот совет на Врховниот суд треба да биде толкувано како неискористување на правен лек, ЕСЧП повторува дека почнувајќи од 3 ноември 2011 година, правниот лек за заштита на правото на судење во разумен рок предвиден со ЗС од 2008 година се смета за ефикасен правен лек во однос на должината на постапката во државата повикана на одговорност.[29] Според тоа, во времето кога апликантката го искористила правниот лек за должина на постапката во 2010 година, тој сè уште не се сметал за ефикасен и апликантката не била должна да го искористи.[30] Оттука, приговорот на Владата Судот го отфрлил.

Судот забележува дека кога Врховниот суд по втор пат го одбил правниот лек на апликантката за должината на постапката во 2012 година, истиот веќе се сметал за ефективен правен лек во однос на жалбени наводи за должина на постапката. Во овие околности, Судот е должен да утврди дали начинот на кој Врховниот суд ги применил релевантните одредби од домашното законодавство предизвикува последици кои се во согласност со принципите на Конвенцијата, на начинот на кои тие се толкуваат во судската пракса на Судот. За таа цел, Судот мора да го испита периодот помеѓу датумот на кој апликантката ја поднела граѓанската тужба и датумот на одлуката на Врховниот суд по нејзиното второ барање за заштита на правото на судење во разумен рок. Ако одлуката на Врховниот суд е во согласност со принципите на Конвенцијата, Судот, кога ќе одлучува за исцрпувањето на домашните правни лекови, ќе се воздржи од разгледување на должината на постапката по таа одлука. Во спротивно, потребно ќе биде испитување на должината на постапката во целост .

Судот наоѓа дека ова одложување е единствено по вина на државните органи и дека апликантката не придонела за должината на постапката. Понатаму, Судот смета дека иако случајот до одреден степен бил сложен, сите процедурални дејствија биле веќе

[29] Види: Adži-Spirkoska and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (dec.), nos. 38914/05 and 17879/05, 3 ноември 2011 година.
[30] Види: Ogražden Ad and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, nos. 35630/04, and 2 others, § 17, 29 мај 2012 година.

завршени пред првостепениот суд. Дополнително, во времето на донесувањето на одлуката на Врховниот суд по однос на второто барање на апликантката за заштита на правото на судење во разумен рок, нејзиното барање за ревизија веќе чекало за одлучување околу седум месеци. Постапката по ревизија пред Врховниот суд поднесена од апликантката траела една година и девет месеци што претставува уште едно одолговлекување по вина на државните органи, а кое на крајот влијаело врз целокупното времетраење на постапката.

Како заклучок, Судот го отфрла приговорот на Владата во делот за искористување на домашните правни лекови и наоѓа дека постои повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП заради прекумерно долго траење на постапката.

### 3.2. Статистика на пресуди против РСМ по основ на чл. 6

Статистичките податоци од годишните извештаи на ЕСЧП, како што е очигледно од табелата подолу, покажуваат дека видно се намалени случаите за должина на постапката од 2014 година па наваму. Ваквата тенднција може да се поврзе со тоа што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок пред Врховниот суд на РСМ се покажува и согласно праксата на ЕСЧ се третира како ефективен правен лек со што пак, лицето го губи статусот на жртва, а со тоа и можноста за постапка пред ЕСЧП.

| Пресуди против РСМ по основ на чл. 6 (2012-2019) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| година | вкупно пресуди | од нив по основ на член 6 ЕКЧП | | | |
| | | вкупно пресуди | % | правично судење | должина на постапката |
| 2012 | 7 | 5 | 71 | 3 | 2 |
| 2013 | 9 | 9 | 100 | 4 | 5 |
| 2014 | 9 | 4 | 44 | 1 | 3 |
| 2015 | 12 | 7 | 58 | 5 | 2 |
| 2016 | 12 | 6 | 50 | 5 | 1 |
| 2017 | 8 | 5 | 63 | 3 | 2 |
| 2018 | 12 | 3 | 25 | 3 | 0 |
| 2019 | 12 | 4 | 33 | 3 | 1 |
| 2020 | 14 | 4 | 29 | 3 | 1 |

*Извор: Статистика извадена од годишните извештаи на ЕСЧП*

# 4. ПОСТАПУВАЊЕ НА ВСРСМ

## 4.1. Статистички податоци од табела и ГИ на ВСРСМ

Подолу табеларно се прикажани бројчано и процентуално решените предмети по области и степен за периодот од 2015 до 2020 година. Од табелите видно е дека најголем проблем во однос на предолгото траење се предметите од граѓанската и управната област, кои заедно вкупно чинат околу 80% од предметите пред ВСРМС за заштита на правото на судење во разумен рок, додека пак на кривичните предмети се отпаѓаат околу 20%.

| Број на решени предмети по област и степен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Решени во прв степен** | | | | **Решени во втор степен** | **Вкупно решени предмети годишно** |
| | **Кривично** | **Граѓанско** | **Управно** | **Вкупно** | | |
| **2015** | **51** | **235** | **124** | **410** | **178** | **588** |
| **2016** | **38** | **204** | **84** | **326** | **164** | **490** |
| **2017** | **63** | **203** | **166** | **432** | **207** | **639** |
| **2018** | **60** | **139** | **177** | **376** | **196** | **527** |
| **2019** | **83** | **157** | **73** | **313** | **116** | **429** |
| **2020** | **66** | **102** | **102** | **270** | **122** | **392** |
| **Вкупно:** | **361** | **1040** | **726** | **2127** | **983** | **3065** |

| Процент на решени предмети по област и степен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Решени во прв степен** | | | | **Решени во втор степен** | **Вкупно решени предмети** |
| | **Кривично** | **Граѓанско** | **Управно** | **Вкупно** | | |

| | | | | | | **годишно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | **12** | **57** | **30** | **70** | **30** | **588** |
| **2016** | **12** | **63** | **26** | **67** | **33** | **490** |
| **2017** | **15** | **47** | **38** | **68** | **32** | **639** |
| **2018** | **16** | **37** | **47** | **71** | **37** | **527** |
| **2019** | **27** | **50** | **23** | **73** | **27** | **429** |
| **2020** | **24** | **38** | **38** | **69** | **31** | **392** |
| **Вкупно:** | **18** | **49** | **34** | **70** | **32** | **3065** |

*Извор: Допис од ВСРСМ за потребите на оваа анализа*

### 4.2. Податоци од ГИ на ВСРСМ

*4.2.1. Работа на советот за судење во разумен рок во % збирно за сите области*




*Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ*

Иако, генерално гледано приливот на предмети се намалува, се чини дека се зголемуваат кривичните предмети, што логично резултира со зголемен остаток на предмети што ќе треба да се решат во следната година.

Се забележува дека повеќе од двојно е зголемен и заостатокот на предмети и приливот и остатокот на кривичните предмети во 2019 во споредба со 2015 година.

Заостатокот од претходната година значително бил зголемен во 2019 година во споредба со претходните години.

Позитивно е што процентот на решени предмети збирно гледано стагнира, за сметка на зголемениот број решени кривични предмети.

*4.2.2. Работа на советот за судење во разумен рок во % само за кривични предмети*




Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ

**4.2.1. Видови одлуки во % , збирно за сите области**




Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ

Се забележува дека процентот на одлуки за одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е најголем (земено збирно во сите области), односно повеќе од половина (од 2015 до 2018 год.) и скоро половина во 2019 год. Особено кога на оваа бројка ќе се додаде процентот на отрфлени барања, што е нешто над 10%, доаѓаме до заклучок дека во над 60% од предметите, барањата не биле усвоени односно или биле одбиени или отфлени.

Од следниот приказ, уште поевидента и поголема е разликата помеѓу одбиени/отфлени и усвоени барање кога се работи за предметите од кривичната област. Имено, од дадените проценти произлегува дека вкупниот процент на одбиени и отфрлени предмети се движи од 33% во 2015 година, 46% во 2016 година, 77% во 2017 година, 89% во 2018 година и 52% во 2019 година. Процентот на усвоени барања 2016 до 2018 год. бил речиси непроменет (од 12% до 20%), со покачување во 2019 година кога бил 30%. Зачудувачка е бројката, посебно во 2017 и 2018 година од каде произлегува дека речиси сите барања биле или одбиени или отфлени – скоро 90% во 2018 год. Во 2017 година дури е и поголем процентот на отфрели во однос на одбиени. Се поставува прашањето, кое треба да биде предемт на понатамошна анализа, од кои причини има толку голем број одбиени, а уште поголем број отфрлени барања во кривични предмети.

### *4.2.2. Видови одлуки во % само за кривичната област*




Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ

### *4.2.3. Времетраење на решавање на кривичните предмети во прв степен во % по години*




Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ

Со тек на годините континуирано се продолжува времетраењето на првостепениот совет во ВСРСМ во постапување по кривичните предмети, иако приливот збирно гледано е со тренд на намалување. Освен во 2015 год. кога доминира постапување во период од 1-2 месеци, од 2016 год. од 50% на 69% е зголемен процентот на предмети што се решаваат за подолго од 6 месеци (што само по себе ништо не значи бидејќи немаме и следна градација – до 1 година, до 18 месеци, до 24 месеци, со цел да се добие вистинска претстава колку трае постапувањето).

Законскиот рок од 6 месеци не се почитува во практиката, од причини што се елаборирани во скоро сите анализирани годишни извештаи на ВСРСМ за пречките и проблемите со кои се соочува ВСРСМ за да може да го испочитува рокот од 6 месеци.

### *4.2.4. Решавање на кривичните предмети во прв степен според временски интервали за период 2015-2019 година (во %)*




Извор: Годишните извештаи за работа на ВСРСМ

### 4.3. Досуден правичен надоместок од ВСРСМ

| ДОСУДЕН ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Прв степен | | | Втор степен | | |
| | Вкупно | Минимален | Максимален | Вкупно | Минимален | Максимален |
| 2015 | 5,775,200.00 | 6,000.00 | 100,000.00 | 568,900.00 | 6,000.00 | 100,000.00 |
| 2016 | 3,032,900.00 | 3,000.00 | 120,000.00 | 901,850.00 | 5,000.00 | 100,000.00 |
| 2017 | 4,913,900.00 | 4,000.00 | 120,000.00 | 916,036.00 | 5,000.00 | 70,000.00 |
| 2018 | 4,233,000.00 | 5,000.00 | 320,000.00 | 317,900.00 | 5,000.00 | 25,000.00 |
| 2019 | 3,492,000.00 | 5,000.00 | 500,000.00 | 314,800.00 | 5,000.00 | 30,000.00 |
| Вкупно: | 21,447,000.00 | | | 3,019,486.00 | | |

*Извор: ГИ на ВСРСМ*

Од износите се гледа дека во 2018 година биле исплатени и дел средства од претходната година, а во 2019 година биле исплатени приближно сите досудени средства.

| Година | ВСРСМ | СБС (ССРСМ) |
|---|---|---|
| | вкупно досуден | вкупно исплатен |
| 2018 | 4,550,900.00 | 5,880,000.00 |
| 2019 | 3,806,800.00 | 3,358,000.00 |
| | 8,357,700.00 | 9,238,000.00 |

*Извор: ГИ на ВСРСМ и податоци добиени од СБС*

Од податоците доставен од Судскиот буџетски совет за периодот 2018 – 2020 година може да се добие претстава за вкупно исплатените износи за наведениот период и број на предмети од одделните области за кои е реализиран правичниот надоместок.

| **ИСПЛАТЕНИ ИЗНОСИ ПО ОСНОВ НА ПОВРЕДА НА РАЗУМЕН РОК** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2018 г.** | **2019 г.** | **2020 г.** | **Вкупно:** |
| **ИСПЛАТЕНИ на подносители** | **5,413,000.00** | **3,003,000.00** | **2,848,582.00** | **11,264,582.00** |
| **Префрлени на ДЕПОЗИТНА сметка** | **239,000.00** | **125,000.00** | **79,000.00** | **443,000.00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Исплатени од ДЕПОЗИТНА СМЕТКА на сметка на ПОДНОСИТЕЛ** | **99,000.00** | **110,000.00** | **10,000.00** | **219,000.00** |
| **Вратени во БУЏЕТ НА РСМ** | **129,000.00** | **120,000.00** | **70,000.00** | **319,000.00** |
| **ВКУПНО:** | **5,880,000.00** | **3,358,000.00** | **3,007,582.00** | **12,245,582.00** |

| **ВИДОВИ НА ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ Е ДОСУДЕН И РЕАЛИЗИРАН ПРАВИЧНИОТ НАДОМЕСТОК** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2018** | **2019** | **2020** | **Вкупно:** |
| **Предмети во граѓанска постапка (ПСРРГ)** | **56** | **49** | **46** | **151** |
| **Предмети во кривична постапка (ПСРРК)** | **30** | **21** | **31** | **82** |
| **Предмети во управна постапка (ПСРРУ)** | **88** | **27** | **39** | **154** |
| **Вкупно:** | **174** | **97** | **116** | **387** |

## 5. КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД УВИД ВО ПРЕДМЕТИТЕ НА ВСРСМ

Во текот на истражувањето, а со цел да се евалуира како во праксата функционираат законските решенија за заштита на правото на судење во разумен рок и да се види кои се ефектите од примената на правното средство за судење во разумен рок во надлежност на ВСРСМ, без анализирани вкупно 64 предмети односно решенија кои ВСРСМ ги донел по барања за заштита на правото на судење во разумен рок во периодот од 2015 до 2021 година, а кои беа достапни на веб страницата на ВСРСМ и тоа: од 2015 година беа анализирани 4 решенија на ВСРСМ, а додека од 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година беа анализирани од секоја година по 10 решенија на ВСРСМ. За секој предмет изготвена е табела со најбитните елементи од решението кои укажуваат на ефикасноста и

функционалноста на правниот лек. Табелите се приложени како Анекс кон истражувањето.

Во продложение ќе бидат елеборирани неколку согледувања кои произлегоа од анализирани решенија на ВСРСМ односно неколку клучни поенти кои се зједнички за повеќето предмети и за начинот на постапување на ВСРСМ, а воедно и детектираните проблеми.

### 5.1. Барања одбиени како неосновани

Во поглед на предметите каде барањата се одбиени како неосновани, подолу ќе бидат изложени неколку клучни поенти кои се за забележување.

Од аспект на причините за одбивање, може да се констатира следново :

Несериозното однесување на подносителот било основната причина за одолговлекувањето на кривичната постапка, е една од најчестите причини за одбивање на барањето. Така на пример, во еден од случаите поднесувањето на неуредна приватна кривична тужба, условило судот да се обрати до тужителот со барање за уредување на тужбата, што влијаело за одолговлекување на постапката. Биле закажани повеќе претреси кои биле одлагани поради неуредна достава на поканите до обвинетите. Неможноста да се обезбеди уредна достава на поканите, било по вина на подносителот кој со тужбата не доставил точни адреси и точното име на обвинетите. Исто така, доказите предложени со тужбата, биле доставувани во неколку наврати во текот на постапката.

Како причина за одбиено барање е и кога се работи за предмет кој веќе еднаш е оценуван од аспект на разумноста на времетраењето на постапката. Со решението на Врховниот суд од 2015 година, било утврдено дека неефикасното и неактивно однесување на судот придонело за траење на кривичната постапка како резултат на што подносителот на барањето се стекнал со статус на „жртва“ од долгото траење на постапка. Поради утврдената повреда на подносителот му бил досуден правичен надоместок во износ од 40.000,00 денари и бил определен рок од 3 месеци за завршување на постапката од страна на Основниот суд Охрид. Постапувајќи по повторното барање за заштита на правото на судење во разумен рок, Врховниот суд во постапката по предметот на Основниот суд Охрид како правно релевантен период за подносителот на барањето го утврди периодот од донесување на решението на Врховниот суд на Република Македонија

17.02.2015 година, па сметано до донесување на пресудата на Апелациониот суд Битола од 18.02.2016 година, постапката траела 1 година и 1 ден. Ниту однесувањето на подносителот како обвинет во постапката, ниту однесувањето на судовите не придонеле за одолговлекување на постапката.

За нотирање се и случаите каде што барањата ВСРСМ ги одбива, иако констатирал дека се работи за сложен правен предмет, со изведување на доста докази со вештачење и сослушување на сведоци, а ниту подносителот на барањето со своето однесување, ниту судот не придонеле за одолговлекување на постапката по предметот.

Во добар дел од случаите што беа предмет на анализа, барањето се одбива како неосновано поради тоа што како подносител се јавува лице кои имало својство на оштетен во кривичната постапка, а за чие имотно - правно барање не било расправано и одлучувано во кривичната постапка, со тоа што ВСРСМ на истиот начин ги третира случаите каде оштетениот предјавил имотно - правно барање, а по истото кривичниот суд не одлучувал на пр. го упатил на парница, и ситуацијата кога оштетениот воопшто не ни поднел имотно - право барање во постапката. Во двата случаи ВСРСМ носи решение со кое се одбива барањето. Така на пр. со пресуда на Основниот суд Скопје I и пресуда на Апелациониот суд Скопје, за предјавеното оштетно побарување, оштетениот бил упатен на граѓанска парница. Со оглед дека во кривичната постапка не било одлучувано за оштетното побарување на оштетениот, произлегува дека за подноситетелот на барањето, за неговото право на оштета ќе се одлучува во друга постапка, па оттука во постапката по барањето за разумен рок, Врховниот суд не може да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок. Понатаму во друг случај, барањето ВСРСМ го наоѓа како допуштено, но неосновано бидејќи оштетената во текот на кривичната постапка изјавила дека оштетното побарување ќе го оствари во граѓанска постапка. Во следниот случај каде барањето е одбиено како неосновано, подносителот на крајот од провстепената пресуда како оштетен изјавил дека поднесува оштетно побарување, кое не било решено во првостепената пресуда, поради што и второстепениот суд го вратил предметот на повторно одлучување. Подносителот отсуствувал од рочиштето иако бил уредно повикан, со што го изгубил правото за остварување на неговото оштетно побарување, а нема поднесено барање за враќање во пораешна состојба, ниту се обидел да го оправда своето отсуство. Судот постапувал за ова кривично дело повеќе од 5 години, за во дел од обвинението и настапиле основите за апсолутна застареност. Потоа, во друг предмет ВСРСМ наоѓа дека во конкретниот случај, каде подносителот на барањето исто се јавува во својство на оштетен, Основниот суд

Скопје I Скопје ја запрел кривична постапка против обвинетиот, поради постоење апсолутна застареност на кривичното гонење, а подносителот на барањето го упатил на граѓански спор - парница. Со оглед дека во кривичната постапка не било одлучувано за оштетното побарување, ниту пак биле изведувани докази во таа смисла бидејќи подносителот бил упатен имотно - правно побарување да го остварува во парница, произлегува дека во оваа постапка ВСРСМ не може да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок во смисла на член 36 став 1 од Законот за судовите.

Тука се поставува прашањето дали во овие ситуации не се работи всушност за *недозволено* барање кое треба да се отфрли со оглед на тоа дека, во крајна линија оцената на ВСРСМ е дека лицето не е овластен подносител на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, независно од причината за таквата оцена. Во најголем дел од случаите како причина е наведено тоа што оштетениот не поднел односно кривичниот суд во постапките не одлучувал за имотно – правното барање. Дополнително на ова, ВСРСМ воопшто во ваквите случаи не се впушта во мериторно разгледување на барањето, односно на периодот на траење на постпаката и критериумите, што е уште еден аргумент дека во овие ситуации треба да се донесе решение за отфрлање, а не за одбивање.

Во дел од предметите, барањата се одбиени како неосновани бидејќи однесувањето на подносителот како приватен тужител придонело за одолговлекување на кривичната постапка. Имено, подносителот на барањето во приватната кривична тужба навел адреса на второобвинетиот кој не бил достапен на органите на прогонот иако знаел дека истиот времено престојува во странство, со што следувало голем дел од главните претреси да се одложат. Понатаму во текот на кривичната постапка, подносителот на барањето два пати извршил прецизирање на правната квалификација на кривичното дело и не ги доставувал сите потребни материјални докази, односно не ги превземал сите потребни дејствија согласно законските прописи што укажува дека неговото однесување имало влијание за траење на истата.

Во еден случај барањето е одбиено како неосновано од причина што истотото е поднесено за надомест на трошоци, а не за траење на постапката. Во овој случај сметаме дека решението на ВСРСМ треба да биде за отфрлање, а не за одбивање на барањето. Во друг случај (види подолу) ВСРСМ го отфрлил барањето (правилно) затоа што во него подносителот навел дека во конкретниот предмет и првостепениот и вторстепениот суд

постапиле пристрасно и дека не утврдиле факти кои се основни обележја на кривичното дело и неосновано ја обвиниле, а не се жалел за повреда на правото на раузмен рок.

Во еден од предметите барањето е одбиено поради тоа што воопшто не била поведена кривична постапка (Исто и тука, барањето треба да се отфрли. Што било предемт на оцена како воопшто не била поведена постапка?).

Интересни е да се види резонирањето на ВСРСМ во случаите на одбиени барања, а каде се бави со прашањето на определувањето на правно релевантниот период. Па така, од аспект на разумноста на траењето на постапката, ВСРСМ не го зеде периодот на времетраењето на постапката во текот на периодот кога судот постапувал и одлучувал по повод вонреден правен лек - барање на обвинетиот за повторување на правосилно завршената кривична постапка, со образложение дека постапката пред ВСРСМ по поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, не беше предмет на оценка од аспект на разумноста на рокот од причина што со решението на ВСРСМ барањето на осудениот за вонредно преиспитување на правосилна пресуда било отфлено како недозволено што значи постапката продолжила по неефективен правен лек (Интересно е што аргментацијата не е дека постпката во ВПЛ воопшто не треба да се вкалкулира во траењето. Подолу имаме случаи на усвоени барања со засметани ВПЛ во траењето).

Во иста насока е и следниот случај, каде со барањето побарана е заштита на правото на судење во разумен рок за постапката поведена по повод поднесеното барање за повторување на постапка која завршила со предходно решение на Основниот суд Скопје Скопје, на кое барање за повторување на постапката со решение на Кривичниот совет при Основниот кривичен суд Скопје било отфрлено и истото потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје. Според ВСРСМ постапката по предлог за повторување на постапката може да биде предмет на оценка од аспект на разумноста на времетраењето на постапката, само доколку предлогот бил ефективен, односно усвоен. Со оглед дека предлогот за повторување на постапката со решение на Основниот суд Скопје правосилно е отфрлен, постапката по истиот не ужива заштита од аспект на разумноста на нејзиното времетраењето во смисол на член 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи бидејќи се водела по повод на неефективно правно средство.

Од аспект на периодот што го смета за релевантен, е и случајот каде правно - релеватниот период ВСРСМ го определил сметано од денот кога за подносителот на

барањето настанал „спор“ во кој се одлучувало за неговата кривична одговорност, а тоа е денот кога изјавил приговор против пресудата за издавање на казнен налог, па сметано до денот на одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, со што правно релевантниот период изнесува 7 месеци и 9 дена. Согласно на тоа, ВСРСМ заклучил дека не може да се прифати дека подносителот се стекнал со статус на „жртва“ од долгото траење на постапката.

### 5.2. Усвоени барања

Како образложение за одлуката за усвојување на барањето, ВСРСМ најчесто го наведува аргументот дека најголем придонес и вина во однос на должината на постапката има судот. Тој наоѓа дека судот кривичната постапка ја водел спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажал голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот, со што придонел за одолговлекување на кривичната постапка. На пример, во еден од предметите каде подносител на барањето е оштетениот во кривичната постапка кој предјавил оштетно побарување, во правно-релевантниот период закажани биле 23 главни претреси од кои одложени биле 18 главни претреси, донесени се една првостепена пресуда, една второстепена пресуда. Значаен придонес во долгото траење на постапката имаат пониските судови, кој при спроведување на постапката не постапувале согласно начелото на ефикасност и не вложувале доволно сериозни напори за завршување на постапката во разумен рок. Поголем број на главни претреси биле непотребно одлагани, а најчесто поради отсуство на обвинетиот и Основниот јавен обвинител, што допринело постапката непотребно да се одолговлечи. Судот не ги искористил сите правни средства и мерки кои му ги нуди ЗКП со што допринел постапката непотребно да се одолговлечни. Наведеното упатува на заклучок дека судот ја занемарил должноста на која го обврзува ЗКП да настојува постапката да ја спроведе без одложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

Воедно, има и усвоени барања каде ВСРСМ констатирал дека судот постапката ја водел спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на кривичната постапка не покажал голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот, иако истовремено нашол и дека однесувањето на подносителот на барањето како обвинет во

кривичната постапка делумно придонело за траење на кривичната постапка. Иако, во текот на постапката подносителот бил активен, неговиот бранител се јавувал на закажаните претреси, сепак придонел за траење на крвичната постапка. Имено, подносителот не бил присутен на 7 претреси, на 4 претреси побарал одложување, а неговиот бранител не бил присутен на 10 главни претреси.

Понатаму, ВСРСМ го усвоил барањето и во предмет каде повторно увидел дека судот се покажал како недоволно ефикасен и придонел за одолговлекување на кривичната постапка, и покрај тоа што оценил дека се работи за релативно сложен предмет каде заради правилно утврдување на фактичката состојба биле одржани повеќе претреси, изведени повеќе докази, биле поднесени повеќе барања за изземање на судии и судии поротници. Исто така, се водела и постапка во врска со издвојување на записник од списите на предметот. Во текот на постапката биле донесени осум првостепени решенија, три првостепени пресуди, пет второстепени решенија, една второстепена пресуда и една пресуда од страна на ВСРСМ. Однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. Она што е зачудувачки, а што се сраќава во овој и во уште еден од анализираните предмети, тоа е дека ВСРСМ го усвојува барањето на подносителот и констатира дека постапката прекумерно траела и дека му е повредено правото на судење во разумен рок, но не му досудува надомест со образложение дека не е истакнато барање за правичен надоместок. Ова е навистина интересно прашање. Имено, од една страна чл. 36 од ЗС ги наведува потребните елементи кои треба да го има барањето, меѓу кои е и изјава за побарување на правичен надомест и вели дека ВСРСМ постапува по барањето *кое ги исполнува* тие критериуми. Оттука, прво прашање е, дали барањето кое не ги содржи сите овие таксативно наброени елементи воопшто може да се смета за потполно и да се разгледува. Евидентно е дека ВСРСМ овие барања ги прифатил како потполни штом понатаму и ги усвоил. Понатаму, тука може да се аргументира дека подносителот не сакал да добие надомест, па затоа не ја дал изјавата во склоп на барањето. Но, да ја погледнеме оваа пракса на ВСРСМ во светло на праксата на ЕСЧП и неговата аргументација дека, дали во еден конкретен предмет лицето го задржало или загубило статусот на "жртва" зависи од две работи: првата, дали органите изречно признале дека постои повреда на правото на судење во разуме рок (што е всушност решението за усвојување на барањето од страна на ВСРСМ), и втората - од *висината* на определниот надомест односно дали е тој задоволителен согласно стандардите и досудените надоместоци од страна на ЕСЧП во слични случаи (а не пак тој да не е досуден воопшто). Со оглед дека ЕСЧП по однос на ова прашање е навистина јасен, се поставува

прашањето дали само затоа што не е досуден надомест од страна на ВСРСМ лицето не го губи статусот на жртва и понатаму може да поднесува жалба до ЕСЧП. Дополнително на ова, чл. 36 од ЗС во ставот 5 вели дека "ако Врховниот суд утврди повреда на правото за судење во разумен рок со решението ќе определи рок во којшто судот, пред кого постапката е во тек, мора да одлучи за правото, обврската или кривичната одговорност на подносителот на барањето *и* ќе досуди правичен надоместок за поднесителот на барањето заради повреда на неговото право за судење во разумен рок.". Ниту од оваа одредба не произлегува можноста да се утврди повреда на правото на судење во разумен рок, т.е. да се усвои барањето, а да не се определи надомест, како што имаме во овие два случаи.

Значајни од аспект на одредување на релевантниот период на траење, односно почетокот на течење на перидот се и решенијата за усвојување на барањето каде на пример, ВСРСМ утврдил дека за подносителот на барањето кој има својство на обвинет во кривичниот предмет, постапката била поведена на денот кога на записник дал своја изјава за кривично правниот настан, па до денот на прием на пресудата од страна на подносителот на барањето, а со која постапката правосилно завршила. Понатаму, во друг предмет, исто така усвоен, како правно релевантен период за подносителот како обвинет во постапката ВСРСМ го утврдил периодот од денот кога бил составен записникот за негово испитување од страна на истражен судија, па сметано до денот на донесување на одлуката на ВСРСМ, со оглед дека постапката по предметот не е правосилно завршена.

Во други два случаи пак, во периодот засметана е и постапката во вонредните правни лекови пред ВСРСМ. Така, усвоено е барањето кое е поднесено за постапување на ВСРСМ во постапка по барање за вонредно преиспитување на кривична пресуда. Определен е рок од 3 месеци советот во ВСРСМ да одлучи во предметот по вонредниот правен лек. Во правно релевантниот период ВСРСМ го засметува и периодот додека е предметот пред ВСРСМ, а пресудата е веќе правосилна.

Исто и во следниот случај каде барањето е усвоено и каде периодот бил засметан од денот кога биле испитани на записник пред истражен судија, па сметано до денот кога била донесена пресудата на ВСРСМ Квп2.бр.42/2020 година, согласно што правно релевантниот период изнесува 9 години, 1 месец и 22 дена.

Разгледан е и случај каде, како правно релевантен период за подносителот како обвинет во постапката ВСРСМ го утврдил периодот од денот кога бил испитан на записник пред истражен судија па сметано до денот на прием на пресудата на

Апелациониот суд Штип од страна на подносителот на барањето. При оценката на навременоста на барањето, ВСМ го имал предвид фактот дека по донесувањето на пресудата на Апелациониот суд Штип, постапката продолжила по однос на барањето за вонредно преиспитување на пресудата пред ВСРСМ, која завршила со отфрлање на барањето како ненавремено, но овој период не беше предмет на оценка од причина што овој дел на постапката се однесува на правен лек кој не бил ефикасен, па од тие причини не требало да се искористи.

### 5.3. Отфлени барања

Кај барања кои се отфрлени како најчеста причина за отфрлањето се сретнува ненавременото поднесување на барањето. Така на пример, во конкретниот случај, постапката правосилно завршила со донесување на пресудата на Апелациониот суд Скопје во 2015 година, која подносителот уредно ја примил на ден 08.01.2016 година. Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок доставено е на 06.09.2016 година односно по истекот на рокот од 6 месеци предвиден во законот поради што Врховниот суд наоѓа дека барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е ненавремено. Понатаму, интересен за разгледување е еден од случаите каде биле четворица обвинети. Основиот суд донел ослободителна за сите, а Апелациониот постапувајќи по жалба на ЈО ја преиначил само за прво и второ обвинетите од ослободителна во осудителна, и тие потоа поднеле жалба на таа пресуда на Апелација. За трето и четврто обвинетите првостепената пресуда не е променета (подносителот е четврто обвинет во случајот). И бидејќи за него во 2017 год. е потврдена од Апелација првостепенета ослободителна пресуда, ВСРСМ смета дека за подносителот на барањето, кривичната постапка правосилно е завршена во тој момент, а барањето за заштита на правото на судење во разумен рок доставено е на ден 14.10.2020 година односно по истекот на рокот од 6 месеци. Прашањето за (не)навременста на барањето е посебно интересна затоа што е врзана за прашањето за периодот кој ќе се смета за релевантен за оцена на траењето на постапката.

Во останатите случаи каде ВСРСМ донел решение за отфрлање на барањата, ги отфрлил како недозволени, тогаш кога констатирал дека подносителот на барањето не е странка во постапката, како на пример кога супсидијарната тужба била отфрлена. Или пак, има случаи каде подносителот, воопшто не го поднесува барањето поради заштита на правото на судење во раузмен рок (!). Така на пример, подносителот кој бил во

првостепената постапка огласен за виновен, која што пресуда била потврдена од Апелациониот суд, наведува во барањето до ВСРСМ дека во конкретниот предмет и двата суда постапиле пристрасно, не утврдиле факти кои се основни обележја на кривичното дело и неосновано ја обвиниле.

Има и случаи каде барањата се отфрлаат како неуредни, на пример: не ги содржат потребните елементи од чл. 36 ЗС (немало број на судски предмет, доказ за идентитетот на подносителот) и во рокот од 8 дена предвиден за доуредување на барањето, но тоа не било сторено.

Може да се забележи и дека, иако беа анализирани предмети од 2020 и 2021 година, посебни барања за повреда на судење во разумен рок поради пандемијата со КОВИД – 19 не се евидентирани.

Она што е интересно за забележување е дека некои од барањата поднесени до ВСРСМ кои се отфлени како недозволени се поднесени од адвокати.

## 6. СОГЛЕДАНИ ПРОБЛЕМИ

Врз основа на увидот и анализата на предмети, статистичките податоци, образложениeто од ГИ на ВСРСМ, како и од разговорот со фокусот групата од ВСРСМ, а во смисла на процена на ефектите од примената на правното средство за судење во разумен рок во надлежност на ВСРСМ согледани беа неколку проблематични точки, на кои ги адресираме во продолжение.

**1.** Очигледен е проблемот со пречекорување на рокот од 6 месеци како законска рамка за решавање на предметите по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок пред ВСРСМ. Ова е проблем кој се повторува во изминативе 5 години кои беа предмет на разгледување, а што е видно и од ГИ за овој период. Така на пример, во 2017 година пречекорување на рокот од 6 месеци е видно од бројот на нерешени 142 предмети, или пак во 2019 година кога бројот на нерешени е 146 предмети.

Како причини за пречекорување на рокот од 6 месеци како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред ВСРСМ се детектираат:

- недоставувањето односно ненавременото доставување на списите од предметот од страна на судот кој постапувал по предметот и

- задоцнето произнесување на судијата односно советот кои постапувале по предметот, за редоследот на превземените процесни дејствија, и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи односно големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет, на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Од разговорот во фокус групата, а по однос на ова прашање произлезе дека најголем проблем всушност е долгото чекање да се достават предметите до ВСРСМ од управната материја односно страна на управните органи, Министерството за финасии, во постапките за денационализација и сл. Од аспект пак на судовите, ни беше кажано дека сега тие релативно брзо ги доставуваат предметите што ќе ги побара ВСРСМ, особено затоа што сега заедно со барањето за доставување на предметот ВСРСМ им праќа и укажување дека доколку не го достават навремено предметот, ќе биде известен РСС.

Може да се констатира дека недостасува правно средство со кое ВСРСМ ќе се наметнува пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Со надминување на проблемот со навременото доставување на предметите до ВСРСМ, тој би бил поефикасен.

Оттука, системски треба да се пристапи кон преиспитување на процесните правила за решавање на предметите за заштита на правото на судење во разумен рок, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законската рамка од 6 месеци и несоздавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно да се воведат механизми за решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред ВСРСМ, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на ВСРСМ, па дури и да се доведе во прашање и ефикасноста на правното средство. Фактите кои го детерминираат овој проблем, односно неможноста ВСРСМ во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од 6 месеци за завршување на

постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекст на конзистентност на постапката пред ВСРСМ и ЕСЧП и праксата на тој суд.

Во тој контекст се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел овој суд да може да ги запази роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред ВСРСМ, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство.

**2.** Најголем недостаток на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е што сега не е предвидено законско решение според кое ВСРСМ ќе мора да ја следи понатаму постапката пред надлежните судови во случаите кога е констатирана повреда на правото на судење на разумен рок и кога на надлежниот суд му се дадени упатства. Во услови кога законските измени на ЗС во блиска иднина не се очекувааат, размислување на ВСРСМ е дека тоа што ЗС не предвидува обврска да се следат предметите понатаму, може да се надмине на начин што ВСРСМ ќе инкорпорира во решенијата за разумен рок обврска за надлежните судови да мораат повратно да го известат за тоа дали и како е постапено по неговите упатства. Со земањето обврска надлежниот суд да го извести ВСРСМ повратно, ќе се зајакне ефикасноста на правниот лек.

**3.** Во врска со претходно изнесеното, како значајна слабост се оценува и тоа дека до сега не е направена никаква проверка до каде е постапувањето на основните судови по упатствата на ВСРСМ и со самото тоа не може да се процени каков ефект имаат решенијата на ВСРСМ за повреда на правото на судење во разумен рок. Неопходно е да се направи таква поопсежна анализа, бидејќи само така може да се процени ефективноста на правниот лек.

**4.** Како главен проблем во однос на предолгото траење се граѓанските и управните предмети кои се околу 80% од вкупниот број по кои постапува ВСРСМ по барања за раумен рок. На кривичните предмети отпаѓаат околу 20%. Како причини за долгото траење на постапки се оптовареноста на судовите, особено на граѓанскиот, како и слабото

користење на ИТ технологија во судовите. Се случуваат ситуации каде пресуда која е јавно изречена се чека 2-3 месеци за да биде искуцана. Кога ќе се земе предвид дека неколкугодишните одложувања се чест случај кај државите членки, тогаш не е зачудувачки ЕСЧП да му даде голема тежина на правото на судење во разумен рок. Кој временски период е разумен се одредува во зависност од околностите на случајот, а особено во зависност од неговата комплексност, однесувањето на одбраната и однесувањето на властите. Тврдењето дека државните судови се пренатрупани со случаи не е никакво оправдување во однос на ова право.

**5.** Од увидот во предметите и праксата на ВСРСМ не е јасно како се постапува кога оштетениот е подносител на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Нема воедначена пракса, некогаш се одбива како неосновано, а некогаш (што е правилно) се отрфла како недозволено. По наше мислење не е спорн ситуацијата кога оштетениот се јавил како приватен тужител или (по стариот ЗКП) како супсидијарен тужител во кривилната постапка, со оглед дека во таа ситуација тој станува овластен тужител односно странка. И во овие случаи, ВСРСМ не треба да разгледува дали е дозволено барањето од аспект на подносителот, туку треба да навлезе во мериторно разгледување (ако се другите услови исполнети) на прашањето за повреда на правото на разумен рок. Додека пак, во случаите кога оштетениот не се јавува ниту како приватен, ниту како супсидијарен (по стариот ЗКП), тогаш може да биде битен критериумот дали во кривичната постапка се одлучувало за имотно – правното барање, иако прашање е дали треба еднаков да се третираат ситуациите кога оштетениот воопшто не предјавил имотно-правно барање па затоа не се одлучувало по него во кривичната постапка, или пак предјавил, но бил упатен од кривичниот суд на граѓанска парница. Во случај ако се одлучувало за имотно –правно барање, ВСРСМ треба да го смета за дозволено барањето за разумен рок од таквиот подносител, но ако не се одлучувало тогаш треба да го отфрли како недозволено. Одбивањето како неосновано што сега во тие ситуации го прави ВСРСМ, по наше мислење не е правилно со оглед дека во тие ситуации тој воопшто не навлегува во мериторно разгледување на прашањето за разумниот рок, па оттука не ни може да го одбие како неосновано.

**6.** Во однос на прашањето за засметувањето на правно релевантниот период односно дали и постапката по вонредни правни лекови влегува во правно релевантен

период или таа завршува до правосилност на пресудата, од увидот во предеметите произлегува дека ВСРСМ има пракса да во периодот на траење ја вклучи постапката по ВПЛ само доколку ВПЛ бил ефективен односно усвоен. Така на пример, предлогот за повторување на постапката со решение на осовниот суд правосилно е отфрлен, па ВСРСМ заклучил дека постапката по истиот не ужива заштита од аспект на разумноста на нејзиното времетраењето во смисол на член 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи бидејќи се водела по повод на неефективно правно средство, па од тие причини не требало да се искористи. Од дрга страна пак, во други два случаи, во периодот засметана е и постапката во вонредните правни лекови пред ВСРСМ. Така, усвоено е барањето кое е поднесено за постапување на ВСРСМ во постапка по барање за вонредно преиспитување на кривична пресуда. Определен е рок од 3 месеци советот во ВСРСМ да одлучи во предметот по вонредниот правен лек. Во правно релевантниот период ВСРСМ го засметува и периодот додека е предметот пред ВСРСМ, а пресудата е веќе правосилна.

Од разговорот во фокус групата произлезе дека ВСРСМ размислува да заземе став дека тој период ќе се засмета во траењето само ако вонредниот правен лек довел до укинувачка одлука.

**7.** Како детектиран проблем е и тоа што се случува во определени предмети јавниот обвинител поднесува поднесува барање за заштита на законитоста по 4-5 пати во еден ист предмет.

**8.** Што се однесува пак до досудените износи на паричен надоместок во смисла на тоа како се определуваат, а со оглед дека ЕСЧП при оцената дали во конкретен случај жалителот го загубил статусот на жртва, се води, меѓу другото и од тоа дали висината на досудениот надомест е задоволителна, сметаме дека Врховниот суд треба како еден вид упатства да ги користи пресудите на ЕСЧП во однос на утврдувањето на износот на правичниот надоместок на ниво споредливо со износот доделен од Судот во слични случаи.

## АНЕКС 1

### ПРАШАЊА ЗА СУДИИТЕ ОД ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ

Дали има повеќе за прекршоци или за кривични дела?

Дали рокот од 6 месеци треба да тече од прием на барањето или од прием на списите од судот?

Дали имаат соработка од судовите?

Како се постапува во случај кога приватен тужител е подносител? Тука законот не е јасен, користи термин странки, и во граѓанска постапка е јасно, но во кривичната и овластениот тужител е странка.

Како се постапува кога оштетен е подносител?

-нема воедначена пракса, некогаш се одбива како неосновано, а некогаш (што е правилно) се отрфла како недозволено

Како се определува должината на правно релевантниот период? Дали и постапката по ВПЛ влегува во правно релевантен период или до правосилност на пресудата?

Дали има случаи кога ојо поднел барање?

Дали има случаи кога се повикува подносителот дад се сослуша?

Како се определува рокот согласно чл. 36 т. 5 – рок во кој треба да постапи судот?

Има ли ВСРСМ повратно дали постапил судот по решението на ВСРСМ?

Дали има барања поради пандемијата со Ковид -19 односно Уредбата на Владата да се судат само итните предмети?

## АНЕКС 2:

## АНАЛИЗИРАНИ ПРЕДМЕТИ ПРЕД ВСРСМ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

**2015 година**

Табела 1

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1363/12 |
| Број на подносители | 1 - Здружение за колективно управување на сродните права на уметниците изведувачи на Република Македнија „КОМП“, Скопје.<br><br>Во својство на приватен тужител |
| Датум на барањето | 26.03.2015 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 12.05.2015 до првостепен суд<br><br>*** на 17.04.2015 година се обратил до подносителот со барање за уредување |
| Датум на решението на ВСРСМ | 02.06.2015 година |
| Кривично дело | Измама од член 247 став 1 в.в со став 5 и став 7 |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено, неосновано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – Постапката трае 3 години и 1 месец и сеуште е во тек. |
| Сложеност на предметот | не се работи за сложен кривичен предмет |

| | |
|---|---|
| Однесување на подносителите | Несериозното однесување на подносителот во конкретниот случај придонело за одолговлекување на кривичната постапка. Поднесувањето на неуредна приватна кривична тужба, условило да судот се обрати до тужителот со барање за уредување на тужбата, што влијаело за одолговлекување на постапката. Биле закажани повеќе претреси кои биле одлагани поради неуредна достава на поканите до обвинетите. Неможноста да се обезбеди уредна достава на поканите, било по вина на подносителот кој со тужбата не доставил точни адреси и точното име на обвинетите. Исто така, доказите предложени со тужбата, биле доставувани во неколку наврати во текот на постапката. Оттука, призлегува дека несериозно однесување на подносителот е основната причина за одолговлекувањето на кривичната постапка. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Однесувањето на судот во правно релевантниот период не влијаело за одолговлекување на кривичната постапка. Ова од причина што судот бил активен, во правно релевантниот период превземал дејствија согласно законските прописи и немал подолги периоди на непостапување по предметот. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 2

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основниот суд Скопје I Скопје XVIII К.бр.98/11 |
| Број на подносители | 1 Во својство на оштетен во кривичната постапка<br>- предјавила оштетно побарување |
| Датум на барањето | 09.03.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за | / |

| | |
|---|---|
| доставување на списи | |
| Датум на решението на ВСРСМ | 21.04.2015 година |
| Кривично дело | Тешка телесна повреда од член 131 став 3 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 50.000,00 денари |
| Рок на исплата | Да се исплати во рок од 3 месеци од денот на правосилноста на решението на ВСМ од Судскиот Буџет. |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | рок не подолг од 3 месеци |
| Допуштеност и основаност | навремено и дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 17 години 11 месеци и 23 денови. |
| Сложеност на предметот | не се работи за сложен кривичен предмет |
| Однесување на подносителите | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека во правно релевантниот период кој е предмет на оцена во конкретниот случај, подносителката на барањето со своето однесување не допринела за одолговлекување на постапката по предметот. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Најголем придонес во однос на должината на постапката има судот. Во правно релевантниот период закажани биле 23 главни претреси од кои одложени биле 18 главни претреси , донесени се една првостепена пресуда, една второстепена пресуда. Значаен допринос на долгото траење на постапката имаат пониските судови, кој при спроведување на постапката не постапувале согласно начелото на ефикасност и не вложувале доволно сериозни напори за завршување на постапката во разумен рок. Поголем број на главни претреси биле непотребно одлагани, а најчесто поради отсуство на обвинетиот и Основниот јавен обвинител, што допринело постапката непотребно да се одолговлечи.Судот не ги искористил сите правни средства и |

| | |
|---|---|
| | мерки кои му ги нуди ЗКП со што допринел постапката непотребно да се одолговлечни.Наведеното упатува на заклучок дека судот ја занемарил должноста на која го обврзуваат Законот за кривичната постапка да настојува постапката да ја спроведе без одложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето и економската и социјалната состојба на РМ |

Табела 3

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1908/2007 (претходно заведен под К.бр.1658/04) |
| Број на подносители | 1 - Во својство на обвинет во кривичната постапка |
| Датум на барањето | 10.01.2014 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | - на 25.02.2014 година, 18.03.2014 година, 24.06.2014 година, 9.09.2014 година и со ургенција од 11.11.2014 година ги побарал списите по предметот К.бр.1908/2007 од Основниот суд Скопје I Скопје<br>- на 13.01.2015 година ги побарал списите од истрагата КИ.бр.712/2003 |
| Датум на решението на ВСРСМ | 10.02.2015 година |
| Кривично дело | Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 3 в.в со став 1 и 4 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 50.000,00 денари |
| Рок на исплата | Да се исплати во рок од 3 месеци од денот на правосилноста на решението на ВСМ од Судскиот Буџет |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | рок не подолг од 3 месеци |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката –11 години и 5 дена |
| Сложеност на предметот | релативно сложен кривичен предмет (во текот на постапката биле закажани голем број на претреси, биле изведени повеќе докази, било изготвено вештачење и негово дополнение |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителот на барањето како обвинет во кривичната постапка делумно придонело за траење на кривичната постапка. Иако, во текот на постапката подносителот бил активен, неговиот бранител се јавувал на закажаните претреси, сепак придонел за траење на крвичната постапка. Имено, подносителот не бил присутен на 7 претреси, на 4 претреси побарал одложување поради полагање испит во Агенцијата за државни службеници, испит на постдипломски студии, промена на бранител, а неговиот бранител не бил присутен на 10 главни претреси. Ова придонело за траење на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека судот постапката ја водел спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на кривичната постапка не покажал голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен со што придонел за нејзино одолговлекување. Во правно релевантниот период судот закажал голем број на претреси од кои неколку претреси биле одложени поради отсуство на судечкиот судија (поради болест, избор во друг оддел, задолжителна обука), но најголем број претреси биле одложени бидејќи не биле исполнети законските претпоставки за нивно одржување (неуредна достава на поканите, отсуство на сведокот Елена Велкова, претставникот на оштетениот, отсуство на второобвинетиот и неговиот бранител, отсуство на јавниот обвинител, отсуство на стечајниот управник). Судот иако имал на располагање правни механизми согласно Законот за кривичната постапка со кои би можел да ја забрза постапката, неговото неактивно однесување и неефикасно раководење со постапката предизвикало кривичната постапка непотребно да се одолговлекува. Во текот на постапката биле изготвени едно вештачење и негово дополнение. Поради ненавремено враќање на предметот од вештачење биле одложени неколку претреси. |

| | |
|---|---|
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Република Македонија, како и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 4

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1278/13 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како тужител по супсидијарна |
| Датум на барањето | 18.06.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | На 23.06.2015 година ги побарал списите од Основниот суд Скопје I Скопје |
| Датум на решението на ВСРСМ | 20.10.2015 година |
| Кривично дело | Оштетување или повластување на доверители од член 257 став 2 в.в со став 1 и член 11 в.в. со член 22 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 20.000,00 денари. |
| Рок на исплата | Да се исплати во рок од 3 месеци од денот на правосилноста на решението на ВСМ од Судскиот Буџет |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | во најкраток можен рок, но не подолго од 1 месец сметано од денот на приемот на правосилното решение |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 3 години, 2 месеци и 16 дена и се уште трае |
| Сложеност на предметот | се работи за сложен предмет |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот на барањето како супсидијарен тужител не придонело за траење на |

| | |
|---|---|
| | постапката |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека судот кривичната постапка ја водел спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажал голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Судот се покажал како недоволно ефикасен, со што придонел за одолговлекување на кривичната постапка. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Република Македонија, како и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

**2016 година**

Табела 1

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Крушево К.бр.29/13 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 09.09.2014 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | - на 03.03.2015 година и 01.02.2016 година ги побарал списите по предметот К.бр.29/13 од Основниот суд Крушево<br>- на 14.03.2016 година ги побара списите и од Основниот суд Прилеп |
| Датум на решението на ВСРСМ | 10.11.2016 година |
| Кривично дело | телесна повреда од член 130 од КЗ и загрозување на сигурноста од член 144 од КЗ |

| | |
|---|---|
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | навремено и дозволено и неосновано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 3 години, 1 месец и 28 денови |
| Сложеност на предметот | се работи за сложен правен предмет со изведување на докази со вештачење и сослушување на сведоци |
| Однесување на подносителите | подносителот на барањето со своето однесување не допринел за одолговлекување на постапката по предметот. Сепак, два претреси биле одложени, еден по вина обвинетиот (сега подносител на барањето) и еден по вина на неговиот бранител. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | судот постапувал согласно законските одредби и според начелото на ефикасност |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 2

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Битола К.бр.549/14 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 15.02.2016 година |

| | |
|---|---|
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | / |
| Датум на решението на ВСРСМ | 12.05.2016 година |
| Кривично дело | Разбојништво од член 237 став 2 во врска со став 1 во врска со член 22 од КЗ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | Не е истакнато барање за правичен надоместок |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | Навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 4 години, 9 месеци и 6 дена |
| Сложеност на предметот | Се работи за релативно сложен предмет. Заради правилно утврдување на фактичката состојба биле одржани повеќе претреси, изведени повеќе докази (сослушување на сведоци, оштетената, вештачења, распит на обвинетиот), биле поднесени повеќе барања за изземање на судии и судии поротници. Исто така, се водела и постапка во врска со издвојување на записник од списите на предметот. Во текот на постапката биле донесени осум првостепени решенија, три првостепени пресуди, пет второстепени решенија, една второстепена пресуда и една пресуда од страна на Врховниот суд на Република Македонија. |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката |

| | |
|---|---|
| | не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и и придонел за одолговлекување на кривичната постапка. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 3

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основени суд Гостивар К.бр.285/13 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 25.09.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 6.10.2015 година и ургенција од 18.01.2016 година се обратил до Основниот суд Гостивар,<br>со писмо од 22.02.2016 година се обратил до Апелациониот суд Гостивар |
| Датум на решението на ВСРСМ | 14.04.2016 година |
| Кривично дело | Проневера во службата од член 354 од КЗ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 50.000,00 денари |
| Рок на исплата | рок од 3 месеци по правосилноста на решението |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | /<br>Се определува рок од 3 месеци, сметано од денот на приемот на правосилното решение, во кој Апелациониот суд Гостивар да одлучи за кривичната одговорност на подносителот на барањето во |

| | |
|---|---|
| | постапката по предметот К.бр.285/13. |
| Допуштеност и основаност | Навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 11 години, 3 месеци и 24 дена и се уште не е правосилно завршена |
| Сложеност на предметот | Се работи за релативно сложен предмет. Заради правилно утврдување на фактичката состојба биле одржани повеќе претреси, изведени повеќе докази, сослушани повеќе сведоци, изготвено вештачење и негово дополнение. Во текот на постапката биле донесени две првостепени пресуда и едно второстепено решение. |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и и придонел за одолговлекување на кривичната постапка. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот, економската и социјалната состојба во Р.М. и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот |

Табела 4

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Охрид К.бр.549/2013 (К.бр.438/09) |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 7.10.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за | со писмо од 20.10.2015 година и ургенција од 25.01.2016 година ги побарал списите од предметот |

| | |
|---|---|
| доставување на списи | К.бр.438/09 од Основниот суд Охрид<br><br>со писмо од 8.02.2016 година ги побарал списите од предметот К.бр.549/2013 на Основниот суд Охрид од Апелациониот суд Битола. |
| Датум на решението на ВСРСМ | 12.05.2016 година |
| Кривично дело | „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“ од член 215 став 1 од КЗ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО<br><br>**** Во конкретниот случај се работи за предмет кој веќе еднаш е оценуван од аспект на разумноста на времетраењето на постапката. Со решението на Врховниот суд на Република Македонија ПСРРК.бр.57/2014 од 17.02.2015 година, правосилно на ден 25.03.2015 година, било утврдено дека неефикасното и неактивно однесување на судот придонело за траење на кривичната постапка како резултат на што подносителот на барањето се стекнал со стасус на „жртва“ од долгото траење на постапка. Поради утврдената повреда на подносителот му бил досуден правичен надоместок во износ од 40.000,00 денари и бил определен рок од 3 месеци за завршување на постапката по предметот К.бр.549/13 од страна на Основниот суд Охрид.<br><br>Постапувајќи по повторното барање за заштита на правото на судење во разумен рок, Врховниот суд на Република Македонија во постапката по предметот К.бр.549/13 на Основниот суд Охрид како правно релевантен период за подносителот на барањето го утврди периодот од донесување на решението на Врховниот суд на Република Македонија ПСРРК.бр.57/2014 од 17.02.2015 година, па сметано до донесување на пресудата на Апелациониот суд Битола КЖ.бр.757/15 од 18.02.2016 година, постапката траела 1 година и 1 ден. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено, меѓутоа е неосновано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 1 година и 1 ден |
| Сложеност на предметот | Се работи за за сложен предмет |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | судовите со своето однесување не придонеле за одолговлекување на кривичната постапка |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 5

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Скопје I Скопје К.бр.3412/11 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како приватен тужител |
| Датум на барањето | 3.11.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 16.11.2015 година се обратил до Апелациониот суд Скопје<br>со писмо од 9.12.2015 година се обрати до Основниот суд Скопје I Скопје и ги побарал списите по предметот<br>со писмо од 21.04.2016 година и ургенција од 7.09.2016 година од Основниот суд Скопје I Скопје побара известување дали е донесена дополнителна пресуда |

| | |
|---|---|
| Датум на решението на ВСРСМ | 13.10.2016 година |
| Кривично дело | „Телесна повреда" од член 130 од КЗ и кривично дело „Навреда" од член 173 став 1 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 10.000,00 денари |
| Рок на исплата | во рок од 3 месеци по правосилноста на решението |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | СЕ ОПРЕДЕЛУВА Основниот суд Скопје I Скопје веднаш, а најдоцна во рок од 3 месеци сметано од денот на приемот на правосилното решение да одлучи за правата на подносителот и да донесе дополнителна пресуда по предметот К.бр.3412/11 |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 4 години, 10 месеци и 26 дена и се уште не е завршена |
| Сложеност на предметот | Не се работи за за сложен предмет |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителот како приватен тужител во кривичната постапка делумно придонело за траење на постапката - неколку претреси биле одложени бидејќи полномошникот на подносителот требало да прибави докази. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот, економската и социјалната состојба во Р.М. и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот |

Табела 6

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основени суд Кочани К.бр.162/14 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 11.03.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 21.03.2016 година ги побарал списите по предметот од Основниот суд Кочани |
| Датум на решението на ВСРСМ | 29.09.2016 година |
| Кривично дело | четири кривични дела „Измама“ од член 27 став 4 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 50.000,00 денари |
| Рок на исплата | во рок од 3 месеци по правосилноста на решението |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 10 години, 11 месеци и 23 дена |
| Сложеност на предметот | Се работи за релативно сложен предмет. Заради правилно утврдување на фактичката состојба биле одржани повеќе претреси, изведени повеќе докази, сослушани повеќе сведоци, биле изготвени две вештачења, едно дополнение на вештачењето. |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот како обвинет во постапката делумно придонело за одолговлекување на постапката |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на | / |

| | |
|---|---|
| постапката | |
| Однесување на судот | судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и и придонел за одолговлекување на кривичната постапка |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот, економската и социјалната состојба во Р.М. и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот |

Табела 7

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Гостивар К.бр.493/13 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како приватен тужител (оштетен) |
| Датум на барањето | 26.08.2015 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писма од 1.09.2015 година и 29.02.2016 година и ургенции од 27.11.2015 година и 18.01.2016 година ги побараl списите по предметот од Основниот суд Гостивар. |
| Датум на решението на ВСРСМ | 21.03.2016 година |
| Кривично дело | „Телесна повреда“ од член 130 став 1 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА |
| Правичен надомест | 7.000,00 денари |
| Рок на исплата | во рок од 3 месеци по правосилноста на решението |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 2 години, 3 месеци и 25 дена |
| Сложеност на предметот | Не се работи за сложен предмет. |
| Однесување на подносителите | однесувањето на подносителот на барањето како приватен тужител не придонело за одолговлекување на постапката |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и придонел за траење на кривичната постапка |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот, економската и социјалната состојба во Р.М. и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот |

Табела 8

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Скопје I Скопје К.бр.3538/14 |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како оштетен (предјавил имотноправно барање и за истото бил упатен на граѓанска постапка) |
| Датум на барањето | 22.03.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 31.03.2016 година ги побарал списите по предметот од ОС Скопје 1 |
| Датум на решението на ВСРСМ | 14.04.2016 година |

| | |
|---|---|
| Кривично дело | „Измама" по член247 став3 в.в со став1 в.в со член 22 и член 45 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО<br><br>Во конкретниот случај, подносителот се јавува во својство на оштетен за чие имотно- правно барање не било расправано и одлучувано во кривичната постапка. Со пресудата на Оснвниот суд Скопје I Скопје К.бр. 3538/14 од 24.04.2015 година и пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. 1404/15 од 16.12.2015 година, за прејавеното оштетно побарување, оштетениот бил упатен на граѓанска парница. Со оглед да во кривичната постапка не било одлучувано за оштетното побарување на оштетениот, произлегува дека за подноситетелот на барањето, за неговото право на оштета ќе се одлучува во друга постапка, па оттука во оваа постапка Врховниот суд на Република Македонија неможе да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | Неосновано |

Табела 9

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен суд Скопје I Скопје К.бр.2300/14 |
| Број на подносители | 2 - во кривичната постапка се јавуваат како обвинети |
| Датум на барањето | 18.04.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 28.04.2016 година ги побарал списите по предметот од Основниот суд Скопје I Скопје. |

| | |
|---|---|
| Датум на решението на ВСРСМ | 07.09.2016 година |
| Кривично дело | „Тешка телесна повреда“ по член 131 став 3 в.в. со став 1 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВААТ |
| Правичен надомест | 100.000,00 денари за двајцата подносители заедно |
| Рок на исплата | во рок од 3 месеци по правосилноста на решението |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | навремени, дозволени и основани |
| Оцена на разумноста | Должина на постапката – 9 години, 5 месеци и 9 дена |
| Сложеност на предметот | Се работи за релативно сложен кривично правен предмет бидејќи заради правилно утврдување на фактичката состојба како и заради правилна примена на материјалното право закажани се повеќе главни претреси, преземени се повеќе дејствија, изведен е доказ сослушување на повеќе сведоци, распит на обвинетите, изготвени се неколку вештачења, едно супер вештачење, поднесено е барање за изземање на советот |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителите на барањата како обвинети не придонело за одлоговлекување на кривичната постапка |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Судот постапката ја водел спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажал голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот, економската и социјалната состојба во Р.М. и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот |

Табела 10

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.29/15 на Основен суд Неготино |
| Број на подносители | 1 - во кривичната постапка се јавува како обвинет |
| Датум на барањето | 06.09.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Со писмо од 29.09.2016 година ги побара списите по предметот од Основен суд Неготино |
| Датум на решението на ВСРСМ | 01.12.2016 година |
| Кривично дело | Силување“ по член 186 став 4 в.в. со став 1 од Кривичниот Законик |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНО<br><br>**** Во конкретниот случај, постапката правосилно завршила со донесување на пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1224/15 од 15.12.2015 година, која подносителот уредно ја примил на ден 08.01.2016 година (петок). Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд на Република Македонија доставено е на ден 06.09.2016 година односно по истекот на рокот од 6 месеци предвиден во законот поради што Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е ненавремено. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | Ненавремено |

**2017 година**

Табела 1

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | ОС Тетово, К.бр.67/16 (стар К.бр.417/12) |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 21.04.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 05.05.2016 година и 10.11.2016 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.20/2016, од 27.1.2017 |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со член 1 и член 45 од Кривичниот Законик |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок на подносителката Т.С.А. од Т., за постапката по предметот К.бр.67/16 (стар К.бр.417/12) на Основниот суд Тетово, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | Се работи за кривично дело по член 353 д КЗМ, при што подносителката на барањето е оштетената во конкретното кривично дело. Постапката е сеуште во тек. Предметот е повеќепати враќан од АС Гостивар на повторно судење, а на крајот од секоја од првостепените пресуди оштетената изјавувала дека предјавеното имотноправно побарување ќе го оствари во граѓански спор. За жал сеуште не е дојдено до правосилна пресуда за предметот, па оштетената не е во можност да покрене граѓанска парница. |
| Пресуди во предметот | пресуда К-417/12 од 03.06.2013, пресуда К-2/14 од 21.02.2014, пресуда К-528/14 од 29.12.2014, пресуда К- |

| | |
|---|---|
| | 336/15 од 15.05.2015, пресуда К-67/16 од 14.03.2016 година на Основниот суд Тетово |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | - АС Гостивар со решение КЖ.бр.479/13 од 30.10.2013 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К-417/12 од 03.06.2013 година во делот под став 1 ја укинал и во тој дел предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.314/14 од 30.06.2014 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К-2/14 од 21.02.2014 година, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.88/15 од 16.03.2015 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К.бр.528/14 од 29.12.2014 година, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.348/15 од 23.12.2015 година, жалбата на обвинетиот Д.Е. од Т. изјавена лично ја усвоил, а пресудата К.бр.336/15 од 15.05.2015 година, ја укинал предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.169/16 од 07.09.2016 година, жалбата на обвинетиот ја усвоил, а пресудата К.бр.67/16 од 14.03.2016 година под точка 1 ја укинал и предметот во тој дел го вратил пред првостепениот суд на повторно судење. Одлучено е новиот главен претрес да се одржи пред наполно изменет совет, согласно член 402 став 2 од ЗКП. Судењето е во тек. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е допуштено, но неосновано бидејќи оштетената изјавувала дека оштетното побарување ќе го оствари во граѓанска постапка. |
| Оцена на разумноста | / |
| Сложеност на предметот | Предметот е против двајца сообвинети, обвинението е поднесено врз онова на кривична пријава поднесена од оштетената. Не е констатирано дали е предметот сложен. |
| Однесување на подносителите | Подносителката во 5 наврати при повторувањето на постапката изјавувала дека нејзиното оштетно побарување ќе го оствари во посебна граѓанска парница и судот врз основа на оваа изјава воопшто не го раазгледувал барањето. Постапката е сеуште во тек. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |

| | |
|---|---|
| Однесување на судот | Неразбирливо е однесувањето на АС Гостивар еден ист предмет да го враќа на повторување на постапката 5 пати, а притоа основниот суд носи идентична пресуда. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 2

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.557/12 на Основен суд Гостивар (предходно заведен под К.бр.63/10, К.бр.251/11 во Основен суд Кичево) |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 27.06.2017 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 13.07.2017 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.30/2017 од 07.11.2017 година |
| Кривично дело | „Тешка телесна повреда“ од член 131 став 1 од КЗМ и кривично дело„ Учество во тепачка“ од член 132 став 1 в.в. со член 22 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето на подносителот Б.А. од с.Т., К., за заштита на правото на судење во разумен рок во постапката по предметот К.бр.557/12 од Основен суд Гостивар (предходно заведен под К.бр.63/10, К.бр.251/11 во Основен суд Кичево), СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |

| | |
|---|---|
| Факти на случајот | Се работи за кривично дело против обвинетиот Н.Л. за стрено кривично дело „Тешка телеса повреда“од член 131 став 1 од КЗМ и обвинителен предлог под истиот број и датум против обвинетите Д.Љ. и М.А. за сторено кривично дело„ Учество во тепачка“ од член 132 став 1 в.в. со член 22 од КЗМ, при што подносителот на барањето е оштетен во конкретниот настан. Постапката е сеуште во тек. Предметот е вратен од АС Скопје на повторно судење, пришто првостенеиот суд Кичево и Гостивар преземал повеќе дејствија. На крајот од провстепената пресуда на ОС Кичево, оштетениот изјавил дека поднесува оштетно побарување, кое не било решено во првостепената пресуда, поради што и второстепениот суд го вратил предметот на повторно одлучување. |
| Пресуди во предметот | Пресуда К.бр.63/10 од 27.12.2010 година на Основниот суд Кичево, |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка | - Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.198/11 од 13.07.2011 година, жалбата на Основното Јавно обвинителство Кичево ја уважил, ја укинал правостепената пресуда и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.<br>- Основниот суд Кичево со решение К.бр.251/11 од 27.06.2012 година се огласил за стварно ненадлежен да постапува по обвинителниот акт КО.бр.204/09 од 24.02.2010 година.<br>- Предметот е отстапен на Основниот суд Гостивар каде бил оформен предметот К.бр.557/12, а на претресот од 13.09.2017 година, не се јавил оштетениот - подносител на барањето, кој бил и уредно повикан.<br>- Постапката против еден од сообвинетите е запрена со решение К.бр.557/12 од 13.09.2017 годин поради апсолутна застареност, а против другите сообвинети судењето е во тек. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е допуштено, но неосновано бидејќи оштетениот не се појавил на рочиште иако бил уредно повикан. |
| Оцена на разумноста | / |
| Сложеност на предметот | Предметот е против тројца сообвинети, но не е особено комплексен случај и се работи за телесна повреда и учество во тепачка. Повторувањето е поради пропуст на првостепениот судот кој не одлучил за поднесеното имотноправно барање, па токму затоа предметот е вратен на повторно одлучување. Поради измени на Законот за судови и промена на стварната надлежност на првостепениот суд во Кичево, предметот е отстапен на ОС Гостивар. |

| | |
|---|---|
| Однесување на подносителите | Подносителот отсуствувал од рочиштето иако бил уредно повикан, со што го изгубил правото за остварување на неговото оштетно побарување, а нема поднесено барање за враќање во пораешна состојба, ниту се обидел да го оправда своето отсуство. Судот постапувал за ова кривично дело повеќе од 5 години, за во дел од обвинението и настапиле основите за апсолутна застареност. Предметот бил сеуште во тек, па може да констатираме дека не бил премногу ажурен. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | И покрај фактот дека преземал процесни дејствија, сметаме дека премногу трае постапката за вакви кривични дела. Дотолку повеќе, сметаме дека постапката на првостепениот суд е за критика кога тој во својата пресуда пропуштил да одлучи во однос на поднесеното барање за оштета од оштетениот предјавено во текот на главната расправа. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 3

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.1747/2016 (претходно заведен под К.бр.1032/2012) на Основен суд Скопје 1, Скопје |
| Број на подносители | 1 – правно лице |
| Датум на барањето | 09.06.2017 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 10.10.2017 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.25/2017 од 25.10.2017 година |
| Кривично дело | Врз основа на супсидијарен обвинителен предлог оштетениот како тужител - Друштвото П.М. увоз-извоз ДООЕЛ С., за сторено продолжено кривично дело „Фалсификување или уништување деловни книги“ од член 280 став 1 од КЗМ, како и против Г.К. од С. за сторени кривични дела „Фалсификување или |

| | |
|---|---|
| | уништување деловни книги“ од член 280 став 1 од КЗМ и „Поднесување лажни докази“ од член 366-а од КЗМ.<br><br>Се постапува по стариот ЗКП. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок СЕ УСВОЈУВА и СЕ УТВРДУВА повреда на правото на судење во разумен рок рок во износ од, кој да биде исплатен во рок од, од Судскиот буџет на Република Македонија. |
| Правичен надомест | 20.000,00 денари |
| Рок на исплата | 3-три месеци по правосилноста решението |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | Со решение КО.бр.180/2011 од 19.03.2012, се отфрла кривичната пријава.<br><br>На 02.04.2012 г, оштетениот како супсидијарен тужител, според стариот ЗКП, поднел супсидијарен обвинителен предлог против Х.А. за сторено продолжено кривично дело „Фалсификување или уништување деловни книги“ од член 280 став 1 од Кривичниот законик, како и против Г.К. за сторени кривични дела „Фалсификување или уништување деловни книги“ од член 280 став 1 од КЗМ и „Поднесување лажни докази“ од член 366-а од КЗМ и се оформува предметот К.бр.1032/2012.<br><br>На 05.06.2012 г. е извршено допрецизирање на супсидијарниот обвинителен предлог.<br><br>На 07.06.2012 г. е доставена ургенција до судот за закажување на главен претрес.<br><br>По закажувањето на главниот претрес, предметот е генерално насрочуван од страна на судот на месечно ниво со по една расправа. Сепак, и покрај ваквото насрочување, главниот претрес започнувал четири пати од почеток поради протек на 60 дена помешу рочиштата. Значителен број од рочиштата биле одлагани поради проблеми што може да бидат карактеиризирани како грешка кај судот , а неколку и поради отсуство на некој од сообвинетите лица.<br><br>Во текот на рочиштата биле изведувани материјални докази и биле направени неколку вештачења, а во |

| | |
|---|---|
| | повеќе наврати (дури 7) супсидијарниот тужител го допрецизирал обвинението.<br><br>Првостепената пресуда е еднаш укината и предметот е вратен на повторно одлучување, по што е повторно донесена пресуда од првостепениот суд во која е утврдено дека за делата е настапена апсолутна застареност. |
| Пресуди во предметот | Пресуда од 24.12.2015 година, донесена од ОС Скопје 1, Скопје. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | - Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.594/2016 од 26.07.2016 година ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.<br>- Основниот суд Скопје 1, на 23.11.2016 година донел пресуда по спроведената повторена постапка, а во оваа пресуда првообвинетиот бил огласен за виновен, второобвинетата била ослободена од обвинение, а подносителот на барањето бил упатен своето имотно правно барање да го остварува во граѓански спор.<br>- Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.210/2017 од 28.03.2017 г., ја преиначил првостепената пресуда, на начин што го одбил обвинението против првообвинетиот поради настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење, додека жалбата на подносителот ја одбил како неоснована. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е допуштено, навремено и основано. |
| Оцена на разумноста | Основано е барањето за повреда на членот 6, ст. 1 бидејќи постапката траела 5 години, 1 месец и 15 дена. |
| Сложеност на предметот | Предмет од сложена правна природа. Биле одржани повеќе претреси, биле изведени повеќе докази, сослушани повеќе сведоци, како и двајца вештаци од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, а бил одржан и претрес заради усогласување на нивните наоди. Покрај тоа, подносителот на барањето во повеќе наврати извршил прецизирање на супсидијарниот обвинителниот предлог со кој две лица се товарат за различни кривични дела, а истакнал и барање за изземање на судечкиот судија. Во текот на постапката биле донесени две првостепени пресуди, едно првостепено |

| | |
|---|---|
| | решение и една второстепена пресуда. |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителот на барањето како супсидијарен тужител придонело за одолговлекување на кривичната постапката. Иако подносителот на барањето во текот на целата постапка бил активен, а неговиот законски застапник се јавувал на закажаните претреси, вложувал правни лекови и преземал дејствија сепак неговото однесување имало влијание за долгото траење на постапката. Имено, законскиот застапник на подносителот дури во седум наврати извршил прецизирање или исправки на супсидијарниот обвинителен предлог, така што од поднесувањето на предлогот до конечно определување што точно е предмет на обвинението и висината на штетата изминале 1 година, 8 месеци и 18 дена. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале ефикасност во насока на решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и придонел за одолговлекување на кривичната постапка. Имено, на судот му биле потребни 5 години, 1 месец и 15 дена за да ја спроведе постапката, која на крајот завршува со пресуда за одбивање на обвинението против првообвинетиот поради апсолутна застареност на кривичното гонење. Најпрвин, во текот на постапката главниот претрес, во четири наврати почнал да тече одново поради проток на подолго време. Судот закажал 30 главни претреси, од кои два претреси биле одложени поради ангажман на судот по притворски предмет, два претреси биле одложени поради протек на работното време на судот, а два претреси било одложени поради техничко-организациони причини на страна на судот. Понатаму, еден претрес бил одложен бидејќи списите по предметот се наоѓале на увид во друг суд, два претреси биле одложени поради промена на судечкиот судија, а претресот од 30.09.2015 година бил одложен поради неуредна достава на покана за главен претрес до втрообвинетата. Сепак, најголем број на главни претреси или вкупно седум биле одложени заради објективни причини, односно поради потреба да се сослушаат сведоци и да се прибават писмени докази, а ВСРМ нашол дека придонес кон одолговлекување на постапката имале и обвинетите и нивните бранители, на чие барање биле одложени седум претреси. Од поднесување на супсидијарниот обвинителен предлог на ден 02.04.2012 година, првостепена пресуда била донесена на 24.12.2015 година, односно по истекот на 3 години, 8 месеци и 22 дена. Постапката по жалба траела 5 месеци и 18 дена. Во |

| | |
|---|---|
| | повторната постапка, судот закажал четири главни претреси, по што на ден 23.11.2016 година донел пресуда со која првообвинетиот бил огласен за виновен, второобвинетата била ослободена од обвинение, а подносителот на барањето бил упатен своето имотно правно барање да го остварува во граѓански спор. Постапка пред првостепениот суд траела 3 месеци и 28 дена. Против наведената пресуда подносителот и првообвинетиот изјавиле жалби. Постапката по жалба траела 3 месеци и 19 дена. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М., предвид се зема и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 4

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.29/16 на Основен суд Кавадарци |
| Број на подносители | 4 |
| Датум на барањето | 28.03.2017 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 13.06.2017 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.16/2017 од 3.10.2017 година |
| Кривично дело | „Измама“ по член 247 став 1 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО |
| Правичен надомест | 431.426,00денари |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |

| | |
|---|---|
| Факти на случајот | Во конкретниот случај по поднесена пријава за кривично дело Измама и поднесено обвинение, по спроведено финансиско вештачење во текот на главната расправа, обвинетите ја признале вината и приложиле уплатници за уплатен износ за претходно неплатеното грозје што го одзеле од оштетените.<br><br>Кривичната пријава е поднесена во месец Декември, 2014-та година, а пресудата е донесена во месец Октомври, 2016-та година. |
| Пресуди во предметот | Пресуда на Основниот суд Кавадарци К.бр.29/16 од 27.10.2016 година. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | - Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.154/17 од 14.02.2017 година, жалбата на оштетените ја уважил и решението за трошоци содржано во пресудата на Основниот суд Кавадарци К.бр.29/16 од 27.10.2016 година го укинал и предметот во тој дел го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување<br>/<br><br>/ |
| Допуштеност и основаност | Барањето е неосновано. |
| Оцена на разумноста | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека во конкретниот случај, подносителите на барањето се јавуваат во својство на оштетени за чие имотно-правно барање не било расправано и одлучувано во кривичната постапка, туку за истото биле упатени на граѓанска парница. Со оглед дека во кривичната постапка не било одлучувано за оштетното побарување, ниту пак биле изведувани докази во таа смисла произлегува дека во оваа постапка Врховниот суд на Република Македонија не може да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок во смисла на член 36 став 1 од Законот за судовите |

| | |
|---|---|
| Сложеност на предметот | / |
| Однесување на подносителите | / |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | / |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 5

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.397/11 на Основен суд Куманово |
| Број на подносители | 2 |
| Датум на барањето | 18.05.2016 година<br><br>Две засебни барања од двајца сообвинети, примени на ист ден, двете барања се споени во ист предмет бидејќи се работи за барања од ист предмет на двајца сообвинети. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 16.09.2016 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.24/2016 и ПСРРК.бр.1/2017, споени две барања во едно |
| Кривично дело | „Фалсификување на исправа“ од член 378 став 1 в.в. со член 379 став 1 точка 2 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНО |
| Правичен надомест | 1.000.000,00 и 2.000.000,00 денари |
| Рок на исплата | / |

| | |
|---|---|
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | На 12.04.2011 година поднесен обвинителен предлог,<br><br>На 01.07.2015 година донесена пресуда К.бр.397/11.<br><br>Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.1300/15 од 27.10.2015 година, ја преиначил првостепената пресуда на начин што го одбил обвинението против обвинетите согласно член 367 став 1 точка 6 од ЗКП.<br><br>Подносителите лично ја примиле пресудата КЖ.бр.1300/15 од 27.10.2015 година и тоа С.Ѓ. на ден 11.11.2015 година и Ј.Ѓ. на ден 05.11.2015 година.<br><br>Основниот суд Куманово со решение К.бр.397/11 од 23.02.2016 година, одлучил по однос на трошоците сторени во кривичната постапка. Против наведеното решение, жалба изјавиле обвинетите на ден 16.03.2016 година. Со решение Кс-Кр.бр.124/16 од 12.04.2016 година, жалбата на обвинетите била делумно уважена и оспореното решение е преиначено на начин што на обвинетите им биле досудени трошоци сторени во текот на постапката. |
| Пресуди во предметот | Пресуда на Основниот суд Куманово К.бр.397/11 од 1.7.2015 година.<br><br>Пресуда на Апелациониот суд Скопје, КЖ.бр.1300/15 од 27.10.2015 година. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е ненавремено, поминати се повеќе од 6 месеци од денот на приемот на пресудата и денот на прием на барањето во ВСМ.<br><br>Односно од 11.11.2015 и 5.11.2015 до 18.5.2016. |
| Оцена на разумноста | При оценка на навременоста на барањата, Врховниот суд на Република Македонија имаше во предвид дека по донесување на пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.1300/15 од 27.10.2015 година, постапката продолжила по однос на трошоците сторени во текот на кривичната постапка, меѓутоа овој период не беше предмет на оцена од аспект на разумноста на времетраењето на постапката од причина што постапката водена за трошоците сторени во текот на кривичната постапка, не предизвикува „спор“ и не е опфатена со членот 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните |

| | |
|---|---|
| | слободи. |

Табела 6

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.1859/15 (претходно заведен под К.бр.3081/09, К.бр.1592/12,К.бр.2428/14) на Основен суд Скопје 1, Скопје |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 14.03.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 22.03.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.10/2017 од 25.5.2017 г. |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353 став 2 во врска со став 1 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | 40.000,00 денари |
| Рок на исплата | 3 месеци по правосилноста на ова решението |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | Во рок од 8 дена, сметано од денот на прием на правосилното решение, Основниот суд Скопје I Скопје правосилно да ја заврши постапката по предметот К.бр.1859/15. |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Пресуда на ОС Скопје 1 К.бр.3081/09 од 22.11.2011 година.<br><br>Пресуда на Апелациониот суд Скопје, КЖ.бр.1300/15 од 27.10.2015 година. |
| Повторена постапка | - Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.530/12 од 08.05.2012 година, жалбата на обвинетата ја уважил и пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.3081/09 од 22.11.2011 година ја укинал, а |

| | |
|---|---|
| Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | предметот го вратил на повторно судење, а предметот бил презаведен под К.бр.1592/12.<br>- Пресуда на ОС Скопје 1 К.бр.1592/12 од 24.12.2013 година<br>- Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.755/14 од 16.07.2014 година, жалбата на Основното јавно обвинителство ја уважил, пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1592/12 од 24.12.2013 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење. Предметот бил презведен под К.бр.2428/14.<br>- Пресуда на ОС Скопје 1 К.бр.2428/14 од 28.11.2014 година.<br>- Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.277/15 од 28.04.2015 година, жалбата на Основното јавно обвинителство ја уважил и пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.2428/14 од 28.11.2014 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење. Предметот бил презваеден под К.бр.1859/15.<br>- Пресуда на ОС Скопје, К.бр.1859/15 од 02.09.2016 година.<br>- Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.985/16 од 13.12.2016 година, по повод жалбите на обвинетата, а по службена должност ја преиначил пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1859/15 од 02.09.2016 година и на начин што против обвинетата Е.С. било одбиено обвинението согласно член 367 став 1 точка 6 од Законот за кривичната постапка. Под став II на истата одлука по повод жалбите на обвинетата, а по службена должност пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1859/15 од 02.09.2016 година во делот на одлуката за конфискација на имот и имотна корист била укината и предметот во тој дел бил вратен на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>- Со решение К.бр.1859/15 од 06.04.2017 година, на обвинетата и била конфискувана имотната корист која што ја стекнала со извршување на кривичното дело. Постапката по предметот се наоѓа во фаза на достава на наведеното решение./ |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |
| Оцена на разумноста | За подносителката на барањето која има својство на обвинета во конкретниот предмет, постапката започнала на 04.02.2008 година - кога со решение КИ.бр.2109/07, било определено да се спроведе истрага против обвинетата, па сметано до 25.05.2017 година - денот на одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, правно релевантниот период изнесува 9 години, 3 месеци и 21 ден и сеуште е во тек. |
| Сложеност на предметот | во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа со обемна материјална документација. Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, во текот на постапката биле сослушани голем број на сведоци, било изготвено вештачење и било сослушано вештото лице. Во текот на |

| | |
|---|---|
| | постапката првостепениот суд донел четири решенија и четири пресуди, а второстепениот суд донел четири решенија и една пресуда. |
| Однесување на подносителите | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека однесувањето на подносителката делумно придонело за одолговлекување на постапката. Имено, на претресите од 01.02.2011 година и 16.06.2016 година, обвинетата- подносителката на барањето не се јавила иако била уредно известена, а нејзиниот бранител го оправдувал нејзиното отсуство - поради здравствени проблеми. На претресот од 26.04.2013 година, обвинетата не се јавила поради присуство на семинар, а на претресот од 29.07.2016 година, била отсустна бидејќи како одговорно и овластено лице за заштита на личните податоци во Н. банка морала да биде лично  присутна при вршење на внатрешна контрола од Агенцијата. Претресот од 11.03.2016 година, (на кој бил присутен еден од нејзините бранители), бил одложен по инсистирање на обвинетата поради отсуство на нејзиниот втор бранител. Оттука, може да се заклучи дека ваквото однесување на подносителката во текот на траењето на кривичната постапка делумно имало влијание за одолговлекување на постапката |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека неактивното однесување на судот, неговото неефикасно раководење со постапката и необезбедувањето на концентрација на доказите влијаело за одолговлекување на кривичната постапка. Необезбедувањето на концентрација на доказите и повеќекратното укинување на предметот и неговото враќање на повторно одлучување пред првостепениот суд (во четири наврати), дополнително влијаело на времетраењето на постапката. Ценејќи го фактот дека по истек на 7 години, 10 месеци и 7 дена, донесена е пресуда КЖ.бр.985/16 од 13.12.2016 година со која обвинението е одбиено поради настапување на апсолутна застареност за кривично гонење, произлегува дека неактивноста и неефикасноста на судот допринела за одолговлекување на кривичната постапка. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Времетраењето на постапката, сложеноста на предметот, однесувањето на судот, влогот и однесувањето на подносителката на барањето, како и економската и социјалната состојба во Р.М. |

Табела 7

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | КИ.бр.309/10 на Основен суд Куманово |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 11.07.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 13.07.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.31/2017 од 26.12.2017 г. |
| Кривично дело | „Измама“од член 247 став 3 в.в. со став 1 в.в. со член 45 став 1в.в. со член 22 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | Побарани 150.000,00 денари |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | На 30.11.2010 година, ОЈО поднело барање за спроведување на истрага до ОС Куманово против лицата М.С. и К.С., поради основано сомнение за сторено кривично дело „Измама“од член 247 став 3 в.в. со став 1 в.в. со член 45 став 1в.в. со член 22 од КЗМ со кое биле оштетени И.Е. - подносител на барањето и Ц.Н..<br><br>Во ОС Куманово бил оформен предметот КИ.бр.309/10.<br><br>По сослушување на обвинетите, судот донел решение за спроведување на истрага КИ.бр.309/10 од 03.03.2011 година против М.С. и К.С. за сторено кривично дело „Измама“од член 247 став 3 в.в. со став 1 в.в. со член 45 став 1в.в. со член 22 од КЗМ. На записник од 03.03.2011 година, бил сослушан сега подносителот во својство на оштетен во постапката и истакнал оштетно побарување во износ од 49.150,00 |

| | |
|---|---|
| | денари.<br><br>Истражниот судија при Основниот суд Куманово со решение КИ.бр.309/10 од 09.12.2016 година, ја запрел истрагата против обвинетите поради откажување на Јавниот обвинител од гонење согласно член 177 став 2 в.в. со член 174 став 1 точка 1 од ЗКП и бидејќи немало докази дека обвинетите го сториле делото кои им се ставало на товар. |
| Пресуди во предметот | / |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | /<br><br>/<br><br>/ |
| Допуштеност и основаност | Барањето е навремено, дозволено, но е неосновано. |
| Оцена на разумноста | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај, подносителот на барањето се јавува во својство на оштетен за чие имотно-правно барање не било расправано и одлучувано. Имено, освен што на записник од 03.03.2011 година, оштетениот предјавил оштетно побарување, за неговото право на оштета, воопшто не било расправано и одлучувано од страна на судот, поради што ВСМ не може да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок во смисла на член 36 од Законот за судовите. |

Табела 8

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.571/12 на Основниот суд Гостивар |
| Број на подносители | 5 |
| Датум на барањето | 07.04.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 20.04.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.20/2017 од 15.06.2017 г. |
| Кривично дело | „Неизвршување на судска одлука“ од член 377 став 1 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето за 3 подносители се УСВОЈУВА, а за 2 подносители СЕ ОТФРЛА. |
| Правичен надомест | По 75.000,00 денари за секој од тројцата подносители |
| Рок на исплата | Исплатен во рок од 3 месеци по правосилноста на решението, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | ЈО се откажал од гонење за кривичното дело, а оштетените како супсидијани тужители го презеле кривичното гонење. |
| Пресуди во предметот | К.бр.254/05 од 27.09.2006 донесена од ОС Гостивар - осудителна. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка | - На 28.02.2007 година АС Скопје одржал јавна седница и со решение КЖ.бр.3012/2006 жалбата на обвинетиот ја уважил, пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.254/05 од 27.09.2006 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд<br>- К.бр.254/05-I од 26.06.2007 г., пресуда донесена од ОС Гостивар - ослободителна.<br>- На 14.11.2007 година АС Скопје одржал јавна седница и со решение КЖ.бр.2019/07 жалбата на оштетените како тужители ја уважил, пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.254/05-I од 26.06.2007 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд. |

| | |
|---|---|
| Повторена постапка | - К.бр.254/05-I-II од 26.02.2008 г. пресуда донесена од ОС Гостивар – осудителна.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.430/2008 од 26.11.2008 година жалбата на обвинетиот ја усвоил и ја укинал пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.254/05-I-II од 26.02.2008 година.<br>- К.бр.254/05-I-II-III од 08.06.2009 г. пресуда донесена од ОС Гостивар – осудителна.<br>- На 15.02.2010 година АС Гостивар решение КЖ.бр.38/2010 жалбите на обвинетиот ги уважил, пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.254/05-I-II-III од 08.06.2009 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред нов совет.<br>- Нов К број: К.бр.111/2010.<br>- К.бр.111/2010 од 13.04.2011 г. пресуда донесена од ОС Гостивар – ослободителна.<br>- На ден 01.10.2012 година АС Гостивар со решение КЖ.бр.222/2012 жалбата на субсидијарните тужители ја уважил, пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.111/2010 од 13.04.2011 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд.<br>- Нов К.бр.571/2012.<br>- ОС Гостивар со решение К.бр.571/2012 од 18.11.2013 година го отфрлил субсидијарниот обвинителен акт поднесен од страна на лицата Л.Ќ., А.Р., Г.В., М.С., С.Ј. и Ц.С., од причини што тие не биле подносители на кривичната пријава до ОЈО Тетово, која била отфрлена со решение КО.бр.413/04 од 09.12.2004 година и поради тоа истите немале својство на овластени тужители согласно член 56 став 1 од ЗКП. Под II од наведеното решение, судот го отфрлил субсидијарниот обвинителен акт поднесен од страна на Џ.А., П.Р. и Д.В. бидејќи не поднеле субсидијарен обвинителен акт во оставениот законски рок, а оштетениот З.Ќ. како тужител не дошол на главниот претрес од 26.09.2013 година, па со тоа, се сметало дека оштетените Џ.А., П.Р., Д.В. и З.Ќ. се откажале од понатамошното гонење против обвинетиот согласно член 58 став 1 од ЗКП.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.161/2014 од 03.09.2014 година жалбата на тужителите ја одбил како неоснована и го потврдил решението на Основниот суд Гостивар К.бр.571/12 од 18.11.2013 година. Оваа пресуда полномошникот на тужителите ја примил на ден 17.10.2014 година.<br>- К.бр.571/2012 од 18.12.2014 г. пресуда донесена од ОС Гостивар – осудителна.<br>- АС Гостивар, по одржана јавна седница на ден 01.11.2016 година, со пресуда КЖ.бр.234/2016 ја преиначил пресудата на Основниот суд Гостивар К.бр.571/2012 од 18.12.2014 година и пресудил на начин што согласно член 367 став 1 точка 6 од ЗКП го одбил обвинението против обвинетиот С.Б. од Т. поради апсолутна застареност на кривичното гонење. |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | Барањето на тројца од подносителите е навремено, дозволено и основано.<br><br>Барањето за другите двајца подносители е ненавремено ненавремено, но и недозволено, бидејќи било отфрлено субсидијарното обвинение и не биле во својство на странки во преостанатиот дел од постапката. |
| Оцена на разумноста | ВСМ во постапката по предметот К.бр.571/12 на Основниот суд Гостивар како правно релевантен период за подносителите на барањето М.Е., Р.М. и Д.А. како субсидијарни тужители во постапката го утврди периодот од кога е поднесен обвинителниот акт, а тоа е 21.12.2004 година, па сметано до 09.12.2016 година, денот на прием на пресудата на Апелациониот суд Гостивар КЖ.бр.234/2016 од 01.11.2016 година, постапката траела 11 години, 11 месеци и 18 дена. Како критериуми се наведени: сложеноста на предметот, однесувањето и влогот на подносителите на барањето и однесувањето на судот кој постапувал. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај се работи за сложен предмет, во кој на страната на тужители се јавуваат повеќе лица. Заради правилно утврдување на фактичката состојба и примена на материјалното право биле закажани голем број главни претреси, биле изведени повеќе докази, извршено проширување на обвинителниот акт. Во текот на постапката биле донесени шест првостепени пресуди, од кои четири осудителни пресуди и две ослободителни пресуди, една второстепена пресуда и пет второстепени решенија. |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителите како субсидијарни тужители во кривичната постапка не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Судовите кривичната постапка ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале голема ефикасност во насока на побрзо решавање на предметот и утврдување на кривичната одговорност на обвинетиот. Судовите при спроведување на постапката не постапувале согласно начелото на ефикасност и не вложиле доволно сериозни напори за завршување на постапката во разумен рок |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителите на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М., ВСМ во |

| | |
|---|---|
| | конкретниот случај го имаше предвид и трпењето на подносителите на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 9

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.2220/2007 на Основниот суд Скопје I Скопје, (претходно заведен под К.бр.943/2000 на Основниот суд Скопје II Скопје) |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 22.12.2015 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Со писма од 18.01.2016 година, 17.03.2016 година и ургенции од 05.05.2016 година и 25.04.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.60/2015 од 06.07.2017 г. |
| Кривично дело | „Убиство“ од член 123 став 2 точка 6 од КЗ и „Убиство“ од член 123 став 2 точка 6 в.в. со член 19 од КЗ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | 30.000,00 денари |
| Рок на исплата | Исплатен во рок од 3 месеци по правосилноста на решението, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | Во рок од 6 (шест) месеци, сметано од денот на приемот на правосилното решение, во кој Основниот суд Скопје I Скопје да ја заврши постапката по предметот К.бр.2220/2007 (претходно заведен под К.бр.943/2000на Основниот суд Скопје II Скопје) |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Пресуда К.бр.943/2000 од 02.04.2001 г. од ОС Скопје II Скопје – ослободителна. |

| | |
|---|---|
| Повторена постапка<br><br><br><br>Пресуда во повторената постапка | - АС Скопје со решение КЖ.бр.1034/2001 од 10.01.2002 година жалбата на ОЈО од Скопје ја уважил, пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје К.бр.943/2000 од 02.04.2001 година ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.<br>- Основниот суд Скопје I Скопје со решение К.бр.2220/2007 од 25.11.2008 година ја запрел кривичната постапка спрема малолетникот, сега полнолетен Н.А.. бидејќи наполнил 21 година и не може да му се суди за дела сторени како помлад малолетник.<br>- Постапката по предметот К.бр.2220/2007 е во тек. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |
| Оцена на разумноста | ВСМ во постапката по предметот К.бр.2220/2007 на Основниот суд Скопје I Скопје (претходно заведен под К.бр.943/2000 на Основниот суд Скопје II Скопје) утврдил дека постапката трае 17 години, 5 месеци и 12 дена и сеуште не е завршена. |
| Сложеност на предметот | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа. Заради правилно утврдување на фактичката состојба биле изготвени вештачења во рамки на истражната постапка, како и невропсихијатриско вештачење во текот на главниот претрес, одржани биле повеќе претреси, изведени писмени докази, сослушани биле повеќе сведоци и вешти лица, а дошло и до спојување на постапки. Дополнително, за сложеноста на предметот придонел и фактот што со обвинителниот акт биле опфатени 7 лица за кои постоело основано сомнение дека сториле четири истородни кривични дела. Во текот на постапката биле донесени едно првостепено решение, една првостепена пресуда и две второстепени решенија. |
| Однесување на подносителите | Однесувањето на подносителот како обвинет во постапката делумно придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Иако, судовите преземале дејствија, сепак се покажале како недоволно ефикасни и придонеле за одолговлекување на кривичната постапка.<br><br>Во правно релевантниот период првостепениот суд закажал 139 главни претреси, од кои десет претреси |

| | |
|---|---|
| | биле одложени поради отсуство на судијата кој постапувал по предметот. Претресот од ден 20.04.2007 година бил одложен на неодредено време поради потреба новите членови на судечкиот совет да се запознаат со предметот и продолжил на ден 25.11.2008 година, односно по истек на 1 година, 7 месеци и 5 дена. Понатаму, седум претреси биле одложени поради неуредна достава на поканата за претрес до обвинетите и предложените сведоци, а шест претреси биле одложени поради потреба да се повикаат предложените сведоци и вешти лица, што укажува дека судот не успеал да обезбеди концентрација на доказните средства во постапката. Сепак, најголем придонес кон долгото траење на постапката имале обвинетите и нивните бранители. Така, четиринаесет претреси биле одложени поради отсуство на бранителите на обвинетите, поради што судот во три наврати парично ги казнил истите со решение на записник за главна расправа, а десет претреси биле одложени бидејќи уредно повиканите сведоци не се јавиле на поканата, што довело до издавање на повеќе наредби за нивно присилно доведување. Единаесет претреси биле одложени поради отсуство на третообвинетиот кој подолго време не бил достапен на органите на прогон, а судот и покрај многубројните обраќања до надлежните органи на управата не успеал да обезбеди негово присуство на главниот претрес. Покрај тоа, 16 претреси биле одложени бидејќи второобвинетиот, кој се наоѓал во КПУ И. С. на издржување на казна доживотен затвор не бил спроведен во судот за закажаните главни претреси, иако претседателот на судечкиот совет повеќепати телефонски и писмено контактирал со надлежните службени лица и го известил Претседателот на судот. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М., ВСМ во конкретниот случај го имаше предвид и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 10

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.67/16 (стар К.бр.417/12) на Основниот суд Тетово |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 21.04.2016 година. |
| Датум на обраќање до судот за | Со писма од 05.05.2016 година и 10.11.2016 година. |

| | |
|---|---|
| доставување на списи | |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.20/2016 од 26.01.2017 г. |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 2 во врска со член 1 и член 45 КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Пресуди во предметот | Пресуда К-417/12 од 03.06.2013 година на Основниот суд Тетово – осудителна, а оштетената Т.А. од Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор. |
| Повторена постапка<br><br><br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br><br><br>Повторена постапка | - АС Гостивар со решение КЖ.бр.479/13 од 30.10.2013 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К-417/12 од 03.06.2013 година на ОС Тетово, во делот под став 1 ја укинал и во тој дел предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување. Судот констатирал дека во делот под став 2 пресудата останува неизменета.<br>- Пресуда од ОС Тетово К-2/14 од 21.02.2014 година – осудителна, а оштетената Т.А. од Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.314/14 од 30.06.2014 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К-2/14 од 21.02.2014 година на ОС Тетово, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>- Пресуда К-528/14 од 29.12.2014 година на Основниот суд Тетово – осудителна, а оштетената Т.А. од Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.88/15 од 16.03.2015 година, жалбата на обвинетите ја усвоил, а пресудата К.бр.528/14 од 29.12.2014 година на ОС Тетово, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење.<br>- Пресуда К-336/15 од 15.05.2015 година на Основниот суд Тетово – осудителна, а оштетената Т.А. од |

| | |
|---|---|
| | Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.348/15 од 23.12.2015 година, пресудата К.бр.336/15 од 15.05.2015 година на ОС Тетово, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење.<br>- Пресуда К-67/16 од 14.03.2016 година на Основниот суд Тетово – осудителна, а оштетената Т.А. од Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор.<br>- АС Гостивар со решение КЖ.бр.169/16 од 07.09.2016 година, пресудата на Основниот суд Тетово К.бр.67/16 од 14.03.2016 година под точка 1 ја укинал и предметот во тој дел го вратил пред првостепениот суд на повторно судење.<br>- Постапката по предметот К.бр. 67/16 на Основниот суд Тетово е во тек |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е неосновано. |
| Оцена на разумноста | / |
| Сложеност на предметот | / |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај, подносителката на барањето се јавува во својство на оштетена за чие имотно-правно барање не било расправано и одлучувано во кривичната постапка туку за истото била упатена на граѓанска парница. Имено, видно од списите на предметот е дека во текот на целата постапка, оштетената лично и преку својот полномошник давала исказ дека за предјавеното оштетно побарување бара судот да ја упати на граѓански спор, од кои причини во сите првостепени пресуди оштетената Т.А. од Т., за своето оштетно побарување била упатена на граѓански спор. Со оглед да во кривичната постапка не било одлучувано за оштетното побарување на оштетениот, а за правото на оштета за подносителот на барањето ќе се одлучува во друга постапка, во оваа постапка ВСМ не може да прифати правни аргументи и да оправда постоење на повреда на правото на судење во разумен рок во смисла на член 36 став 1 од Законот за судовите. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | / |
| Критериуми за висина на правичниот | / |

| | |
|---|---|
| надоместок | |

**2018 година**

Табела 1

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.1195/2012 на Основниот суд Скопје I Скопје |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 05.05.2018 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 29.05.2018 година |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.19/2018, од 13.06.2018 година |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 во врска со став 3 во врска со став 1 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | 30.000, 00 денари |
| Рок на исплата | 3-три месеци по правосилноста на ова решение, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Пресуди во предметот | Пресуда на ОС Скопје 1, Скопје, К.бр.1195/2012 од 06.11.2017 година со која го одбил обвинението поради апсолутна застареност. |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | |
| Оцена на разумноста | ВСМ како правно релевантен период за подносителот на барањето како обвинет во постапката го утврди периодот од денот кога бил составен записник КИ.бр.293/2010 за испитување на подносителот на барањето како обвинет во кривичната постапка на ден 27.01.2011 година, па сметано до денот на приемот на пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје К.бр.1195/2012 од 06.11.2017 година на ден 02.12.2017 година, постапката траела 6 години, 10 месеци и 5 дена. ВСМ при оценка на разумноста на траењето на постапката ги имаше предвид следните критериуми: сложеноста на предметот, однесувањето и влогот на подносителот на барањето и однесувањето на судот кој постапувал. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа. Заради правилно утврдување на фактичката состојба одржани биле повеќе претреси, биле изведени повеќе писмени докази, сослушани биле повеќе сведоци како и вешто лице, а било изготвено и вештачење и негови дополненија. Во текот на постапката биле донесени две првостепени решенија и една првостепена пресуда. |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | ВСМ наоѓа дека судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок и во текот на постапката не покажале ефикасност во насока на решавање на предметот. Иако, судовите преземале дејствија, сепак се покажале како недоволно ефикасни и придонеле за одолговлекување на кривичната постапка која траела 6 години, 10 месеци и 5 дена и на крајот завршува со пресуда со која обвинението против подносителот е одбиено поради настапена апсолутна застареност. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М., Врховниот суд на Република Македонија во конкретниот случај го имаше предвид и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 2

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | КОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) на Основен суд Скопје I Скопје |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 30.10.2017 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | / |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.56/2017, од 25.01.2018 година |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службена положба и овластување" од член 353 став 5 во врска со став 3 во врска со став 1, член 45, член 22 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | ВСМ, утврди дека АС Скопје, по приемот на решението ПСРРК.бр.61/2014 од 15.09.2015 година, закажал јавна седница за 19.02.2016 година и на 21.03.2016 година го донел решението КОКЖ.бр.63/2015 со кое првостената пресуда во осудителниот дел под став I точка 1 и став III била укината и предметот бил вратен на повторно судење. По враќање на предметот пред Основниот суд Скопје I Скопје, тој бил заведен под нов КОК.бр.38/2016 и на 01.08.2016 година била издадена наредба за изготвување на дополнително вештачење согласно напатствијата на второстепениот суд. Бирото, по ургенција на судот од 03.02.2017 година, на 16.02.2017 година доставило дополнителен наод и мислење до судот, по што бил закажан главен претрес за 20.04.2017 година. Овој претрес, како и претресите од 09.06.2017 година и 05.09.2017 година биле одложени поради отсуство на дел од обвинетите и бранителите, односно на барање на застапникот на обвинението, а претресот од 26.10.2017 година е одложен бидејќи списите по предметот се доставени до овој суд заради одлучување по барања за заштита на правото на судење во разумен рок истакнати од повеќе обвинети во предметот КОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) на Основниот суд Скопје I |

| | |
|---|---|
| | Скопје. Постапката е во тек и се наоѓа во фаза на судење и закажување на главен претрес по предметот. Имајќи ја предвид погоре наведената фактичка состојба, ВСМ наоѓа дека правно релевантниот период од 2 години, 4 месеци и 10 дена не претставува долго траење на постапката како и дека однесување на судовите во конкретниот предмет не влијаело за траење на постапката поради што не е сторена повреда на член 6 став 1 од ЕКЧП и на подносителот на барањето не му следува надомест по овој основ. Ова од причина што АС Скопје во разумен и прифатлив рок постапил по задолжението на ВСМ и со одлука КОКЖ.бр.63/2015 од 21.03.2016 година одлучил по жалбите изјавени против пресудата на ОС Скопје II Скопје КОК.бр.8/2008 од 16.01.2015 година, а во понатамошниот тек на постапката првостепениот суд бил активен, во разумни временски интервали закажувал претреси и преземал други дејствија (определил дополнително вештачење). |
| Пресуди во предметот | Со пресуда КОК.бр.8/08 од 16.01.2015 година, дел од обвинетите (вкупно 49) биле осудени, дел биле ослободени, а за дел биле обвинението било одбиено. |
| Повторена постапка<br><br><br><br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br><br><br><br>Повторена постапка | - АС Скопје со решение КОКЖ.бр.63/2015 од 21.03.2016 година жалбите на обвинетите ги уважил, а жалбата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција делумно ја уважил. Со наведената пресуда, судот постапувајќи по жалбите и по службена должност пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје КОК.бр.8/08-I од 16.01.2015 година, во осудителниот дел под став I точка 1 и став III ја укинал и во овие делови предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд.<br>- Предметот бил заведен под нов КОК.бр.38/2016.<br>- Главниот претрес од 26.10.2017 година бил одложен бидејќи предметот се наоѓал во Врховниот суд на Република Македонија, заради одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок ПСРРК.бр.14/2016, ПСРРК.бр.22/2016, ПССРК.бр.56/2017 и други.<br>- Постапката по предметот КОК.бр.38/2016 е во тек.<br>- ВСМ со решение ПСРРК.бр.61/14 од 15.09.2015 година, правосилно на 23.10.2015 година, го усвоил барањето на подносителот Н.М. за заштита на правото на судење во разумен рок, утврдил повреда на правото на судење во разумен рок на постапката по предметот К.бр.8/2008 на Основниот суд Скопје I Скопје, досудил правичен надоместок во износ од 60.000,00 денари и го задолжил Апелациониот суд Скопје веднаш, а најдоцна во рок од 1 месец по правосилноста на решението да одлучи по жалбите изјавени против пресудата КОК.бр.8/2008 од 16.01.2015 година на Основниот суд Скопје I Скопје. |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено, меѓутоа е неосновано. |
| Оцена на разумноста | Во конкретниот случај, се работи за предмет кој веќе е оценуван од аспект на разумноста на времетраењето на постапката. ВСМ со решение ПСРРК.бр.61/2014 од 15.09.2015 година, правосилно на ден 23.10.2015 година, барањето на подносителот Н.М. од Г., за заштита на правото на судење во разумен рок за постапката бр.56/2017 по предметот КОК.бр.8/2008 на ОС Скопје I Скопје го усвоил, го задолжил АС Скопје веднаш, а најдоцна во рок од 1 (еден) месец да одлучи по жалбите изјавени против пресудата КОК.бр.8/2008 од 16.01.2015 година и на подносителот му досудил надоместок заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во износ од 60.000,00 денари. ВСМ како правно релевантен период за подносителот го утврдил периодот од донесувањето на решението КИОК.бр.11/2007 за спроведување на истрага против него а тоа е 20.11.2007 година, па сметано до денот на донесување на одлуката ПСРРК.бр.61/2014 на 15.09.2015 година, со оглед дека постапката по предметот се уште не била правосилно завршена, постапката траела 7 години, 10 месеци и 25 дена. Постапувајќи по повторното барање за заштита, ВСМ утврди дека постапката по предметот КОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) на Основниот суд Скопје I Скопје трае 10 години и 29 дена, но како правно релевантен период за подносителот на барањето го утврди периодот од денот кога било донесено решението ПССРК.бр.61//2014, а тоа е 15.09.2015 година, па сметано до денот на донесување на оваа одлука на 25.01.2018 година, со оглед дека постапката по предметот се уште не е правосилно завршена, постапката трае 2 години, 4 месеци и 10 дена. |
| Сложеност на предметот | / |
| Однесување на подносителите | / |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | / |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 3

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.2036/10 (претходно заведен под К.бр.2032/04 и К.бр.896/07) на Основниот суд Скопје I Скопје |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 09.05.2018 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 15.05.2018 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.21/2018, од 05.09.2018 година |
| Кривично дело | „Тешка телесна повреда" од член 131 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Со пресуда на Основниот суд Скопје II Скопје К.бр.2032/04 од 29.09.2006 година, обвинетиот е огласен за виновен, но е ослободен од казна. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка | - АС Скопје со решение КЖ.бр.119/07 од 08.02.2007 година, жалбата на обвинетиот - подносителот ја уважил, а пресудата на ОС Скопје II Скопје К.бр.2032/04 од 29.09.2006 година, ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење.<br>- ОС Скопје I Скопје со пресуда К.бр.896/07 од 05.11.2009 година го огласил за виновен и го ослободил од казна.<br>- АС Скопје со решение КЖ.бр.646/10 од 28.04.2010 година, жалбата на обвинетиот - подносителот ја уважил, а пресудата на ОС Скопје I Скопје К.бр.896/07 од 05.11.2009 година, ја укинал и предметот го вратил |

| | |
|---|---|
| Повторена постапка | на првостепениот суд на повторно судење. Предметот во ОС Скопје I Скопје бил заведен под К.бр.2036/10<br>- ОС Скопје I Скопје со пресуда К.бр.2036/10 од 05.11.2012 година обвинетиот го огласил за виновен и го ослободил од казна.<br>- На ден 09.05.2018 година, до ВСМ е доставено Барање за заштита на правото на судење во разумен рок. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е ненавремено. |
| Оцена на разумноста | / |
| Сложеност на предметот | / |
| Однесување на подносителите | Пресудата станала правосилна на ден 26.12.2012 година. Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е доставено до Врховниот суд на Република Македонија на ден 09.05.2018 година. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | / |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 4

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.128/16 (претходно заведен под К.бр.159/13) на Основен суд Гостивар |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 21.11.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Писма од 28.12.2017 година и 27.02.2018 година. |

| | |
|---|---|
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.62/2017, од 20.03.2018 година |
| Кривично дело | „Измама„ од член 247 став 3 во врска со став 1 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Пресуда К.бр.159/13 од 05.12.2013 година, осудителна. Пресудата станала правосилна на ден 24.06.2014 година. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br>Повторена постапка | - На 11.05.2016 година, Кривичниот совет на ОС Гостивар донел решение КПов.бр.4/16 со кое го уважил барањето на обвинетиот А.М. да се дозволи повторување на кривичната постапка по однос на пресудата К.бр.159/13 од 05.12.2013 година, го запрел извршувањето на казната затвор према осудениот А.М. и закажал главна расправа.<br>- ОС Гостивар донел пресуда К.бр.128/16 од 21.11.2016 година со која пресудата К.бр. 159/13 од 05.12.2013 година ја ставил вон правна сила, обвинетиот го огласил за виновен и го осудил на казна затвор во траење од 1-една година и го задолжил обвинетиот да му ја надомести штетата на подносителот на барањето во износ од 602.000,00 денари.<br>- Со пресуда КЖ.бр.259/17 од 19.10.2017 година, АС Гостивар ја одбил жалбата на обвинетиот како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда.<br>- На 01.12.2017 година, осудениот А.М. поднел до ВСМ барање за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на ОС Гостивар К.бр.128/16 од 21.11.2016 година и пресудата на АС Гостивар КЖ.бр.259/17 од 19.10.2017 година. ВСМ со решение КВП1.бр.3/18 од 01.02.2018 година, барањето на осудениот А.М. од С., за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на ОС Гостивар К.бр.128/16 од 21.11.2016 година и пресудата на АС Гостивар КЖ.бр.289/17 од 19.10.2017 година го отфрлил како |

| | |
|---|---|
| | недозволено. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е навремено, дозволено, меѓутоа е неосновано |
| Оцена на разумноста | ВСМ, утврди дека за подносителот на барањето кој има својство на оштетен, постапката била поведена на ден 20.02.2013 година кога на записник предјавил оштетно побарување и до 08.11.2017 година - денот на прием на пресудата КЖ.бр.259/17 од 19.10.2017 година, постапка траела 4 години, 8 месеци и 18 дена. Меѓутоа, ВСМ оцени дека правно релевантниот период кој е предмет на оценка од аспект на разумноста на траење за подносителот на барањето изнесува 2 години, 10 месеци и 1 ден.<br><br>При определувањето на правно релевантниот период од аспект на разумноста на траењето на постапката, ВСМ не го зеде периодот на времетраењето на постапката во текот на периодот кога судот постапувал и одлучувал по повод вонреден правен лек - барање на обвинетиот за повторување на правосилно завршената кривична постапка. Имено, постапката пред ВСМ по поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, не беше предмет на оценка од аспект на разумноста на рокот од причина што со решението на ВСМ барањето на осудениот за вонредно преиспитување на правосилна пресуда било отфлено како недозволено што значи постапката продолжила по неефективен правен лек. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај не станува збор за предмет од сложена правна природа. |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај, однесувањето на подносителот не предизвикало одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Однесувањето на судот не придонело за одолговлекување на постапката. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 5

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.209/17 на Основен суд Гостивар |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 30.08.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | - Писмо од 14.09.2017 година до подносителот со барање за уредување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок<br>- Писмо од 27.12.2017 година до ОС Гостивар за увид во предметот. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.41/2017, од 20.02.2018 година |
| Кривично дело | „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ од член 133 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | ПС на ден 23.10.2016 година составил записник бр.345.3-1341 за примање на кривична пријава од С.Х. против Д.Р. согласно член 133 став1 од Кривичниот Законик и потврда за привремено одземени предмети-еден копач со дрвена рачка со должина околу 80 см.<br><br>На ден 28.12.2016 година, МВР ПС Г. доставил до ОЈО Г. кривична пријава против Д.Р. поради основано сомнение за сторено кривично дело по член 133 од КЗ.<br><br>ОЈО Гостивар на ден 07.06.2017 година доставил предлог за издавање на казнен налог КО.бр.45/17до ОС Гостивар против Д.Р. поради сторено кривично дело „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ од член 133 од КЗ. |
| Пресуди во предметот | - Пресуда за издавање на казнен налог К.бр.209/17 од 19.06.2017 година од ОС Гостивар, со која е огласен за виновен. |

| | |
|---|---|
| | - Против наведената пресуда обвинетиот - сега подносител на барањето изјавил приговор на ден 11.07.2017 година, а судот закажал главна расправа за ден 06.10.2017.<br>- Постапката по предметот сеуште е во тек. |
| Допуштеност и основаност | Барањето е навремено, дозволено, меѓутоа е неосновано |
| Оцена на разумноста | ВСМ правно релеватниот период го определил сметано од денот кога за подносителот на барањето настанал „спор“ во кој се одлучувало за неговата кривична одговорност, а тоа е 11.07.2017 година - денот кога изјавил приговор против пресудата за издавање на казнен налог К-209/17 од 19.06.2017 година, па сметано до 20.02.2018 година - денот на одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, правно релевантниот период изнесува 7 месеци и 9 дена. Согласно на тоа не може да се прифати дека подносителот се стекнал со статус на „жртва“ од долгото траење на постапката. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај не станува збор за предмет од сложена правна природа. Во правно релевантниот период била донесена една пресуда од првостепениот суд. |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај, однесувањето на подносителот не предизвикало одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | ВСМ наоѓа дека однесувањето на судот не придонело за одолговлекување на постапката. Во правно релевантниот период, судот бил активен, превземал дејствија со цел да обезбеди услови за постапување по предметот, закажувал расправи во кратки временски периоди, немал подолги периоди на непостапување по предметот. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 6

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.1391/2012 (претходно заведен под К.бр.339/2008) на Основниот суд Куманово |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 17.09.2016 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Писма на ден: 29.09.2016 година и ургенции од ден 13.06.2017 година, ден 14.09.2017 година, ден 21.11.2017 година и ден 13.06.2018 до ОС Куманово и писма на ден: 19.12.2017 година и ден 23.01.2018 година до ВСМ, како и писмо до АС Скопје од ден 13.06.2018 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.38/2016, од 25.09.2018 година. |
| Кривично дело | „Обљуба со злоупотреба на положбата“ од член 189 став 2 во врска со член 45 од КЗМ |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | / не побарал |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Пресуда К.бр.339/2008 од 16.07.2008 година од ОС Куманово - осудителна |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка | - АС Скопје со решение КЖ.бр.1925/2008 од 02.12.2008 година, жалбите на обвинетиот ги уважил, пресудата на ОС Куманово К.бр.339/2008 од 16.07.2008 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд<br>- ОС Куманово со пресуда К.бр.339/2008 од 19.04.2012 година го огласил обвинетиот за виновен.<br>- АС Скопје со решение КЖ.бр.1587/2012 од 28.11.2012 година жалбата на обвинетиот ја уважил, пресудата на Основниот суд Куманово К.бр.339/2008 од 19.04.2012 година ја укинал и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд. Предметот бил заведен под нов К.бр.1391/2012.<br>- ОС Куманово со пресуда К.бр.1391/2012 од 12.05.2014 година го огласил обвинетиот за виновен. |

| | |
|---|---|
| Повторена постапка | - АС Скопје со пресуда КЖ.бр.1543/2014 од 08.10.2014 година жалбата на обвинетиот ја одбил како неоснована. Со став 2 од изреката на наведената пресуда, судот ја уважил жалбата на ОЈО Куманово и пресудата на К.бр.1391/2012 од 12.05.2014 година ја преиначил во делот на одлуката за кривичната санкција, ја поострил на 2-две години и 6-шест месеци.<br>- Незадоволен од наведената одлука, подносителот на барањето, на ден 16.12.2014 година поднел барање за ВППП, а ВСМ со пресуда Квп1.бр.24/2015 од 07.07.2015 година барањето на осудениот за вонредно преиспитување на правосилната пресуда го уважил, пресудата на АС Скопје КЖ.бр.1543/2014 од 08.10.2014 година ја укинал и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување.<br>- АС Скопје со пресуда КЖ.бр.1201/2015 од 17.11.2015 година жалбата на обвинетиот ја одбил како неоснована. Со став 2 од изреката на наведената пресуда, судот ја уважил жалбата на ОЈО Куманово и пресудата на ОС Куманово К.бр.1391/2012 од 12.05.2014 година ја преиначил во делот на одлуката за кривичната санкција, на начин што обвинетиот го осудил на казна затвор во траење од 2-две години.<br>- ВСМ со пресуда Квп1.бр.63/2016 од 25.04.2018 година го одбил како неосновано барањето на осудениот за вонредно преиспитување на пресудата на ОС Куманово К.бр.1391/2012 од 12.05.2014 година и пресудата на АС Скопје Кж.бр.1201/2015 од 17.11.2015 година. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |
| Оцена на разумноста | ВСМ во постапката како правно релевантен период за подносителот на барањето како обвинет во постапката го утврди периодот од денот кога бил составен записник КИ.бр.67/2008 за испитување на подносителот на барањето од страна на истражниот судија, а тоа е 09.02.2008 година, па сметано до 18.05.2018 година - денот на прием на пресудата на ВСМ Квп1.бр.63/2016 од 25.04.2018 година. Правно релевантниот период изнесува 10 години, 3 месеци и 9 дена.<br><br>ВСМ, при оценка на разумноста на траењето на постапката ги имаше предвид следните критериуми: сложеноста на предметот, однесувањето и влогот на подносителот на барањето и однесувањето на судот кој постапувал |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа. |
| Однесување на подносителите | ВСМ, наоѓа дека однесувањето на подносителот како обвинет во постапката не придонело за одолговлекување на постапката. Имено, во текот на постапката подносителот бил активен, неговиот |

| | |
|---|---|
| | бранител преземал дејствија согласно законските прописи и вложувал правни лекови. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | ВСМ наоѓа дека судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок утврдено со членот 10 став 1 алинеа 3 од Законот за судовите и во текот на постапката не покажал ефикасност во насока на решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасни и придонеле за одолговлекување на кривичната постапка. ВСМ наоѓа дека правно релевантниот период од 10 години, 3 месеци и 9 дена претставува долго времетраење на постапката, за што придонеле судовите со оглед дека не постапувале во насока на тоа постапката да се спроведе во што е можно пократко време, биле неефикасни и нeефективни |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | / |

Табела 7

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К-676/14 (претходно заведен под К-938/13, К-35/13, К-633/12, К.бр.648/09, ПРК.бр.1858/03-0) на Основен суд Куманово |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 29.03.2018 година |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 19.04.2018 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.8/2018, од 02.10.2018 година. |
| Кривично дело | прекршок по член 206 став 1 точка 2 од Царинскиот Закон |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА. |

| | |
|---|---|
| Правичен надомест | 50.000 денари |
| Рок на исплата | Рок од 3 месеци по правосилноста на ова решението, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Пресуда ПРК.бр.1858/03-0 со која обвинетиот - сега подносител на барањето бил огласен за виновен за сторен прекршок по член 206 став 1, точка 2 од Царинскиот закон. |
| Повторена постапка<br><br><br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br><br><br>Повторена постапка | - АС Скопје со решение ПЖ.бр.139/03 од 23.12.2003 година, жалбата на обвинетиот ја уважил и ја укинал пресудата Прк.бр.1858/03 од 24.11.2003 година.<br>- од 18.06.2004 година пресуда ПРК.бр.1858/03-0 со која обвинетиот бил огласен за виновен за сторен прекршок по член 206 став 1 т.2 од Царинскиот закон.<br>- АС Скопје со решение ПЖЦ.бр.156/04 од 02.09.2004 година, жалбата на обвинетиот ја уважил, ја укинал побиваната пресуда и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>- на 17.09.2004 година пресуда ПРКбр.1858/03-0 од 17.09.2004 година со која прекршочна постапка поведена против обвинетиот - сега подносител на барањето ја запрел согласно член 73 став 1 точка 2 од Законот за прекршоци бидејќи обвинетиот не го сторил прекршокот за кој се обвинувал и определил одземените предмети да се вратат на обвинетиот по правосилноста на пресудата.<br>- АС Скопје со решение ПЖЦ.бр.202/04 од 03.11.2004 година, жалбата на подносителот на барањето Министерство, Ц.У. С. ја уважил, ја укинал пресудата Прк.бр.1858/03 од 17.09.2004 година и предметот го вратил на повторно постапување пред првостепениот суд.<br>- На 20.03.2006 година пресудата ПРК. бр. 1858/03-0 со која обвинетиот - сега подносител на барањето бил огласен за виновен за сторен прекршок по член 206 од Царинскиот Закон.<br>- АС Скопје со решение ПЖЦ.бр.7/07 од 24.01.2007 година ја укинал побиваната пресуда и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд.<br>- Со решение ПРК.бр.1858/03-0 од 30.11.2007 година, ОС Куманово се огласил за стварно ненадлежен суд за водење на прекршочната постапка и определил по правосилноста на решението предметот да се отстапи на Ц.У. во С. |

| | |
|---|---|
| | - Се води постапка пред Царинската управа и потоа и управен спор предметот У.бр.3226/08.<br>- Со писмо од 03.12.2008 година, Ц.У. постапувајќи по укажувањата дадени во пресудата У.бр.3226/08 од 12.11.2008 година, го доставила предметот до Основното Јавно обвинителство поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело по член 60 од Законот за акцизи.<br>- На ден 23.06.2009 година, ОС Куманово примил обвинителен акт КО.бр.1246/08 од 18.06.2009 година на ОЈО К. против сега подносителот на барањето поради сторено кривично дело од член 60 од Законот за акцизи.<br>- Со пресуда К.бр.648/09 од 07.12.2011 година, обвинетиот бил ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 1 од ЗКП,согласно член 532 од ЗКП.<br>- АС Скопје со решение КЖ.бр.398/12 од 17.05.2012 година, жалбата на ЈО ја уважил, ја укинал побиваната пресуда, а по однос на жалбата на обвинетиот оценил дека била безпредметна.<br>- При повторното постапување, судот закажал претрес за ден 05.07.2012 година кој бил одржан, судот ги сослушал присутните сведоци и по дадени завршни зборови на странките донел и јавно ја објавил пресудата К-633/12 со која обвинетиот бил ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 1 од ЗКП.<br>- АС Скопје со решение КЖ.бр.1667/12 од 20.12.2012 година,жалбата на Јавното обвинителство ја уважил и ја укинал побиваната пресуда.<br>- Пресуда К-35/13 од 16.04.2013 година со која обвинетиот бил ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 1 од ЗКП, согласно член 532 од ЗКП.<br>- АС Скопје со решение КЖ.бр.1180/13 од 26.09.2013 година, жалбата на Јавното обвинителство ја уважил, ја укинал побиваната пресуда, и определил да се одржи претрес пред друг судија поединец.<br>- пресуда К-938/13 од 06.02.2014 година од ОС Куманово со која обвинетиот бил ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 1 од ЗКП.<br>- АС Скопје со решение КЖ-951/14 од 10.07.2014 година, жалбата на Јавното обвинителство ја уважил,ја укинал побиваната пресуда.<br>- ОС Куманово донел пресуда К676/14 од 17.11.2016 година со која обвинетиот бил ослободен од обвинение согласно член 368 став 1 точка 1 од ЗКП.<br>- АС Скопје со пресуда КЖ-376/17 од 03.10.2017 година, жалбата на ОЈО ја одбил како неоснована и ја потврдил пресудата на ОС Куманово. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |

| | |
|---|---|
| Оцена на разумноста | ВСМ утврди дека за подносителот на барањето кој има својство на обвинет во кривичниот предмет, постапката била поведена на 24.11.2003 година кога на записник дал своја изјава за кривично правниот настан, па сметано до 24.02.2018 година, денот на прием на пресудата КЖ.бр.376/17 од 03.10.2017 година од страна на подносителот на барањето, а со која постапката правосилно завршила, правно релевантниот период изнесува 14 години и 3 месеци. |
| Сложеност на предметот | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа со обемна материјална документација и биле сослушани повеќе сведоци и вешти лица. |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека подносителот на барањето со своето однесување не придонел за одолговлекување на постапката, кој иако е стрнаки државјанин редовно се јаввуал на судските покани. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Судот покажал крајна несериозност и неактивност во постапувањето што влијаело за неприфатливо долго времетраење на постапката. Неприфатливо е за ВСМ тоа што предметот во осум наврати бил укинуван и враќан на повторно постапување пред првостепениот суд како и непостапувањето на пониский суд по дадените задолжителни напатствија. На ова особено упатува решението на АС КЖ.бр.1180/13 од 26.09.2013 година, со кое второстепениот суд укажал да се определи друг судија кој ќе постапува по предметот. Ваквото крајно несериозно однесување како на првостепениот така и на второстепениот суд кој имал на располагање и можел да употреби правни механизми за забрзување на постапката, придонело за одолговлекување на постапката. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето и влогот на подносителот на барањето во конкретната постапка, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М. |

Табела 8

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | ККОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) на Основниот суд Скопје I Скопје |

| | |
|---|---|
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 18.02.2016 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Писма од 29.02.2016 година, 21.03.2016 година и ургенции од 07.09.2016 година, 14.12.2016 година, 27.03.2017 година и 04.05.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.9/2016, од 03.07.2018 година. |
| Кривично дело | „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 од КЗМ и „Злосторничко здружување“ од член 394 став 2 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | 30.000 денари |
| Рок на исплата | Рок од 3 месеци по правосилноста на ова решението, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | Рок од 3 (три) месеци, сметано од денот на приемот на правосилното решение, во кој Основниот суд Скопје I Скопје да одлучи за кривичната одговорност на подносителот во постапката по предметот КОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | Основниот суд Скопје I Скопје со пресуда КОК.бр.8/2008 од 28.11.2008 година огласил за виновни дел од 72 обвинети, а повеќето од обвинетите ги ослободил од обвинение за второто дело. |
| Повторена постапка<br><br>Пресуда во повторената постапка | - Апелациониот суд Скопје со решение КЖ.бр.1746/2009, 1384/2009 од 01.12.2009 година жалбите ги уважил, ја укинал пресудата КОК.бр.8/2008 од 28.11.2008 година и пресудата КОК.бр.8/2008 од 27.04.2009 година, која се однесува на повторена постапка за обвинетиот Т.П. (на кого му било судено во отсуство) и предметот го вратил на повторно постапување пред првостепениот суд. Предметот бил заведен под КОК.бр.8/2008-I.<br>-<br>- ОС Скопје I Скопје со пресуда КОК.бр.8/2008-I од 16.01.2015 година огласил за виновни 55 лица, за првото к. Дело, додека за второто кривично дело согласно член 367 точка 6 од Законот за кривичната |

| | |
|---|---|
| Повторена постапка | постапка, го одбил обвинението поради настапена апсолутна застареност на кривичното гонење.<br>- АС Скопје со решение КОКЖ.бр.63/2015 од 21.03.2016 година жалбите на обвинетите ги уважил, а жалбата на ОЈО делумно ја уважил. Со наведената пресуда, судот постапувајќи по жалбите и по службена должност пресудата на ОС Скопје I Скопје КОК.бр.8/08-I од 16.01.2015 година, во осудителниот дел под став I точка 1 и став III ја укинал и во овие делови предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд. Предметот бил заведен под нов КОК.бр.38/2016.<br>- Постапката по предметот КОК.бр.38/2016 (претходно заведен под КОК.бр.8/2008) е во тек. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |
| Оцена на разумноста | ВСМ во постапката по предметот како правно релевантен период за подносителот Љ.Б. како обвинет во постапката го утврди периодот од денот кога бил составен записникот КИОК.бр.11/2007 за негово испитување од страна на истражен судија, а тоа е 25.11.2007 година, па сметано до денот на донесување на одлуката на овој суд на ден 03.07.2018 година, со оглед дека постапката по предметот не е правосилно завршена, постапката трае 10 години, 7 месеци и 8 дена. ВСМ при оценка на разумноста на траењето на постапката ги имаше предвид следните критериуми: сложеноста на предметот, однесувањето и влогот на подносителот на барањето и однесувањето на судот кој постапувал. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај се работи за предмет од сложена правна природа со огромна материјална документација и биле сослушани повеќе сведоци и вешти лица. Дополнително, за сложеноста на предметот придонел и фактот што со обвинителниот акт биле опфатени 72 лица за кои постоело основано сомнение дека организирано сториле истородни кривични дела. |
| Однесување на подносителите | ВСМ наоѓа дека подносителот на барањето со своето однесување не придонел за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | ВСМ наоѓа дека судовите постапката ја воделе спротивно на начелото за судење во разумен рок утврдено со членот 10 став 1 алинеа 3 од Законот за судовите и во текот на постапката не покажале ефикасност во насока на решавање на предметот. Иако, судот преземал дејствија, сепак се покажал како недоволно ефикасен и придонел за одолговлекување на кривичната постапка, што не е во согласност со член 4 став 1 од Законот за |

| | |
|---|---|
| | кривичната постапка. Најголем број на претреси, дури 54, биле одложени бидејќи не биле исполнети законските претпоставки за нивно одржување, односно истите биле презакажани поради отсуство на некои од обвинетите и бранителите кои, иако уредно повикани, не се јавиле во судот, при што во поголем број на ситуации не дошло до оправдување на ваквото отсуство. Видно од списите по предметот, судот правел напори да обезбеди присуство на овие лица на главниот претрес и издал повеќе наредби за спроведување на обвинетите, се обраќал до надлежните органи на управата за проверка на достапноста на обвинетите, како и до медицинските лица чии потврди доставиле обвинетите, а во два наврати определил и мерка притвор заради обезбедување на присуство на главен претрес. Покрај тоа, судот неколку пати парично ги казнил бранителите на обвинетите кои не се јавиле на главниот претрес, во повеќе наврати назначил бранител по службена должност на обвинетите чии бранители не се јавиле на уредната покана на судот, а исто така донел и одлуки за раздвојување на постапката против дел од отсутните обвинети. Сепак, во најголем дел преземените мерки не довеле до забрзување на постапката, особено ако се има во предвид дека во обвинителниот акт биле опфатени 72 лица. |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М., ВСМ во конкретниот случај го имаше предвид и трпењето на подносителот на барањето во периодот на неразумното постапување на судот. |

Табела 9

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Прк.бр.593/2012-1 на Основниот суд Гостивар |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 15.04.2016 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Писмо од 21.04.2016 година и ургенции од 29.09.2016 година, 02.02.2017 година, 30.01.2018 година, 08.03.2018 година и 22.05.2018 година, како и списите по предметот Прк.бр.593/2012-1 од Основниот суд Гостивар преку писма и ургеници од 20.04.2017 година, 13.06.2017 година и 25.10.2017 година. |
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.19/2016, од 05.07.2018 година. |

| | |
|---|---|
| Кривично дело | прекршок по член 56 од ЗБСП |
| Вид на одлука на ВСРСМ | СЕ ОТФРЛА. |
| Правичен надомест | / |
| Рок на исплата | / |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | Видно од решението Прк.бр.593/2012-1 на Основниот суд Гостивар, било решавано по барањето на ОЈО Г. под РО.бр.43/12 од 25.05.2012 година, поднесено против обвинетиот Л.З. од Т., за сторен прекршок по член 56 од ЗБСП и со решението донесено на ден 30.05.2013 година се враќа барањето за поведување на прекршочна постапка РО.бр.43/12 од 25.05.2012 година поднесено против обвинетиот Л.З. од Т., за сторен прекршок по член 56 од ЗБСП на подносителот ОЈО Г., заради спроведување на постапка за порамнување. |
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е недозволено. |
| Оцена на разумноста | Од утврдените факти при увидот во списите на предметот Прк.бр.593/2012-1 на Основниот суд Гостивар, овој суд констатира дека подносителот на барањето Т.Ј. од Г. не е странка во постапката, туку постапката се водела против лицето Л.З. од Т., во својство на обвинет |

Табела 10

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | К.бр.130/16 (претходно заведен под К.бр.1323/07) на Основен суд Куманово |
| Број на подносители | 1 |
| Датум на барањето | 30.05.2017 година. |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | Писмо од 22.06.2017 година и ургенција од 14.11.2017 година. |

| | |
|---|---|
| Датум на решението на ВСРСМ | ПСРРК.бр.23/2017, од 06.02.2018 година. |
| Кривично дело | „Тешка телесна повреда“ од член 131 став 3 во врска со став 1 од КЗМ, како и „Учество во тепачка“ од член 132 став 1 од КЗМ. |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Барањето СЕ УСВОЈУВА. |
| Правичен надомест | 20.000,00 денари |
| Рок на исплата | Рок од 3 месеци по правосилноста на ова решението, од Судскиот буџет. |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | / |
| Факти на случајот | |
| Пресуди во предметот | - На 02.06.2014 година судот донел решение К.бр. 1323/07 со кое ја запрел постапката во кривичниот предмет против обвинетите Р.Ф., Р.Р., Р.И., Р.А. и Р.К. за кривично дело –„Учество во тепачка„ поради настапена застареност за кривично гонење.<br>- Пресуда К.бр. 1323/07 од 18.05.2015 година, со која подносителот на барањето бил огласен виновен. |
| Повторена постапка<br><br><br><br><br>Пресуда во повторената постапка<br><br><br><br><br>Повторена постапка | - На 17.02.2016 година АС Скопје донел Решение КЖ.бр. 30/16 со која жалбата на подносителот на барањето изјавена лично ја уважил, ја укинал пресудата на ОС Куманово и предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд.<br>- Предметот бил заведен под К.бр.130/16<br>- На 29.11.2016 година ОС Куманово донел решение К.бр.130/16 со кое ја запрел постапката по предметот против подносителот на барањето за кривичното дело – „Тешка телесна повреда„ и Обвинителниот акт го отфрлил со оглед на настапената застареност на кривично гонење. Решението станало правосилно на 30.12.2016 година.<br>- ОС Куманово на 26.12.2016 година го доставил на подносителот на барањето решението за запирање на постапката. На 28.12.2016 година подносителот на барањето доставил барање за донесување на решение за трошоци по постапката. Со решение К.бр.130/16 од 15.02.2017 година, судот одлучил за трошоците сторени во постапката. |

| | |
|---|---|
| Допуштеност и основаност | Барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е навремено, дозволено и основано. |
| Оцена на разумноста | ВСМ, во конкретниот предмет за подносителот на барањето кој има својство на обвинет во постапката, постапката започнала сметано од 23.05.2007 година -денот кога дал изјава пред истражен судија , па сметано до 26.12.2016 година - денот на прием на решението К.бр.130/16 од 29.11.2016 година од страна на подносителот на барањето, правно релевантниот период изнесува 9 години, 7 месеци и 3 дена. |
| Сложеност на предметот | ВСМ наоѓа дека во конкретниот случај не се работи за предмет од сложена правна природа. Во текот на постапката било изготвено едно вештачење и биле донесени една пресуда и едно решение од страна на првостепениот суд и едно решение од второстепениот суд. |
| Однесување на подносителите | Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека несериозното однесување на подносителот како обвинет во постапката придонело за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | ВСМ наоѓа дека судот не постапувал согласно начелото на ефикасност, не вложувал доволно сериозни напори за завршување на постапката во разумен рок односно ја занемерил должноста на која го обврзува ЗКП, да настојува постапката да ја спроведе без одложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.<br><br>Иако во правно релевантниот период, судот закажувал претреси во кратки рокови и немал подолги периоди на непостапување по предметот, сепак од закажаните 48 претреси, судот успеал да обезбедени законски претпоставки за одржување на само 9 претреси, а најголем дел од претресите биле одложени поради неуредна достава на поканите до странките и предложените сведоци. Ваквото неефикасно раководење со постапката придонело да по протек на 8 години, 11 месеци и 17 дена од поднесувањето на обвинителниот акт биде донесено решение К.бр.130/16 од 29.11.2016 година, со кое кривичната постапка против обвинетиот биле запрена, а обвинителниот акт отфрлен поради настапување на асполутна застареност за кривично гонење на обвинетиот. |
| Критериуми за висина на правичниот | Времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето и влогот на подносителот на барањето |

| | |
|---|---|
| надоместок | во конкретната постапка, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.М. |

**2019 година**

Табела 1

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Основен Скопје 1 |
| Број на подносители | Еден – супсидијарен тужител |
| Датум на барањето | 8.4.2019 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 2.05.2019 |
| Датум на решението на ВСРСМ | 03.06.2019 |
| Кривично дело | Злоупотреба 353 ст. 1 |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Усвоено барање |
| Правичен надомест | 20.000 |
| Рок на исплата | 3 месеци |
| Рок и основ за постапувње на првостепениот суд | / |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | Повреден чл. 6 – постапката траела 6 години, 4 месеци и 20 дена |

| | |
|---|---|
| Сложеност на предметот | Не е сложен предмет |
| Однесување на подносителите | Не придонел за одолговлекувањето, бил активен |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | / |
| Однесување на судот | Недоволно ефикасни првостепениот и второстепениот суд (повеќекратни укнувања според стар ЗКП) – апсолутна застареност настапила |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Покрај времетраењето на постапката, однесувањето на судот, однесувањето на подносителот на барањето, сложеноста на предметот како и економската и социјалната состојба во Р.С.М., |

Табела 2

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | ОС Велес |
| Број на подносители | Еден - ПЛ |
| Датум на барањето | 12.09.2019 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 01.10.2019 |
| Датум на решението на ВСРСМ | 4.11.2019 |
| Кривично дело | Прекршок |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Усвоено |
| Правичен надомест | 5000 |
| Рок на исплата | 3 месеци |
| Рок и основ за постапувње на | |

| | |
|---|---|
| првостепениот суд | |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено и основано |
| Оцена на разумноста | повреда на правото на судење во разумен рок,<br><br>правно релевантниот период изнесува 4 години, 3 месеци и 5 дена |
| Сложеност на предметот | Не е сложен предметот |
| Однесување на подносителите | Иако обвинетиот што е подносител бил отсустен на неколку рочишта и поради тоа тие биле одложени, сепак ВСРСМ оценил дека обвинетиот не придонел за одолговлекување |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | |
| Однесување на судот | Долго траела постапката пред АС Скопје – скоро 3 годидни од изјавената жалба и АС го повредил правото на судење во разумен рок |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | Времетраење, однесување на судот, трпење на подносителот од неразумното траење (веројатно мислат на штетите што долготото постапување ги предизвикало) |

Табела 3

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Скопје 1 |
| Број на подносители | еден |
| Датум на барањето | 13.06.2019 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | |
| Датум на решението на ВСРСМ | 14.10.2019 |

| | |
|---|---|
| Кривично дело | |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Отфрлено како недозволено |
| Правичен надомест | |
| Рок на исплата | |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | |
| Допуштеност и основаност | навремено, меѓутоа е недозволено – не може оштетен да поднесе барање |
| Оцена на разумноста | / |
| Сложеност на предметот | / |

Табела 4

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Скопје 1 Скопје |
| Број на подносители | Еден |
| Датум на барањето | 22.07.2016 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | 7.9.2016 и 6.10.2016 |
| Датум на решението на ВСРСМ | 20.05.2019 (нема објаснување зошто три години му требало за да постапи по барањето) |
| Кривично дело | |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Одбиено како неосновано |
| Правичен надомест | |

| | |
|---|---|
| Рок на исплата | |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | |
| Допуштеност и основаност | навремено, дозволено, меѓутоа е неосновано,<br><br>имало 23 обвинети, а правно релевантниот период изнесува 4 години, 7 месеци и 5 дена. |
| Оцена на разумноста | |
| Сложеност на предметот | Особено бил сложен предметот (23 обвинети, ПИМ; вештачења, обемни докази, голем број сведоци, прецизирано обвинение, многу писмени докази, екстрадиција за дел од обвинетите, пресуда првостепена на 526 страници, притвори, куќни притвори и гаранции биле определувани) |
| Однесување на подносителите | Подносителот на придонел за долго траење (на два претреса не се јавил, но иако бил активен, неговиот бранител преземал дејствија, постапувал по задолженијата на судот, вложувал правни лекови согласно законските прописи ВСРСМ заклучил дека неговото однесување немало влијание за одолговлекување на постапката. |
| Влијание на КОВИД-19 врз траењето на постапката | |
| Однесување на судот | Постапката била водена согласно чл. 10 од Законот за судовите – ефикасно (имало 37 заккажани гл.претреси) |
| Критериуми за висина на правичниот надоместок | |

Табела 5

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | ОС Кичево |
| Број на подносители | Еден ама оштетен - подносителот на барањето бил законски застапник на покојниот оштетен во постапката |
| Датум на барањето | 26.09.2019 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | |
| Датум на решението на ВСРСМ | 4.11.2019 |
| Кривично дело | Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ од член 300 став 4 во врска со член 297 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Се одбива како неосновано |
| Правичен надомест | |
| Рок на исплата | |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | |

Табела 6

| | |
|---|---|
| Суд што постапувал | Скопје 1 |
| Број на подносители | Една – приватен тужител |
| Датум на барањето | 16.12.2016 |
| Датум на обраќање до судот за доставување на списи | со писмо од 26.01.2017 година и со ургенција од 01.06.2017 година, ургенција од 03.10.2017 година, ургенција од 06.02.2018 година, ургенција од 29.05.2018 година, ургенција од 18.09.2018 година и ургенција од 19.04.2019 година се обрати до Основниот суд Скопје I Скопје ги побара списите по предметите |

| | |
|---|---|
| Датум на решението на ВСРСМ | 27.05.2019 (судот со години не ги доставувал списите, затоа толку долго време поминало од поднесено до одлучено) |
| Кривично дело | Оштетување туѓи предмети од член 243 од Кривичниот законик, Нарушување на неповредливост на домот од член 145 став 1 од Кривичниот законик, Загрозување на сигурност од член 144 став 1 од Кривичниот законик |
| Вид на одлука на ВСРСМ | Одбиено како неосновано |
| Правичен надомест | |
| Рок на исплата | |
| Рок и основ за постапување на првостепениот суд | |
